Дополнително, социјалната реинтеграција на жените жртви на трговија со луѓе бара обезбедување на пристап до образование, обука и вработување. Според ГРЕТА жртвите треба да имаат ефективен пристап до пазарот на труд и да им биде обезбедена стручна обука и вработување за да се зајакне нивната социјална и економска вглавеност.[17] Ова е важно за спречување на повторна виктимизација и обезбедување на финансиска независност.

Имајќи го ова во предвид, заштитата на жените како жртви на трговија со луѓе бара мултидимензионален пристап кој вклучува:

- правна заштита,
- социјална поддршка и
- економска реинтеграција.

Иако Северна Македонија има направено значајни чекори во истата насока, потребно е континуирано унапредување и имплементација на мерките за да се обезбеди целосна заштита и поддршка за жените жртви на истиот облик на криминал.

[16] Група на експерти за акција против трговијата со луѓе (ГРЕТА). (2023). Трет извештај за евалуација на Северна Македонија: Пристап до правда и ефективни правни лекови за жртвите на трговија со луѓе. Совет на Европа.
[17] Група на експерти за акција против трговијата со луѓе (ГРЕТА). (2023). Трет извештај за евалуација на Северна Македонија: Пристап до правда и ефективни правни лекови за жртвите на трговија со луѓе. Совет на Европа.

1.2 Определување на главните поими и концепти

Во истата точка ќе се изврши јасно и прецизно определување на главните поими и концепти кои се главни за разбирање на истражуваната тема. Бидејќи темата на магистерската работа се однесува на трговијата со луѓе како форма на организиран криминал, со посебен акцент на жената како жртва, неопходно е детално разјаснување на основните термини што се користат низ целото истражување. Воведувањето на истите дефиниции има за цел да обезбеди терминолошка доследност и да спречи можни недоразбирања, особено поради честото мешање на поими како што се „трговија со луѓе“ и „криумчарење на мигранти“.

Во рамки на истата точка, најпрво ќе се обработи дефинирањето на поимот „организиран криминал“ во контекст на трговијата со бело робје, при што ќе се обрне внимание на правните, криминолошките и меѓународните перспективи. Ќе се прикаже како функционираат организираните криминални групи и на кој начин ја организираат и изведуваат трговијата со луѓе.

Понатака, ќе се разгледа разликата помеѓу трговијата со луѓе и криумчарењето на мигранти, бидејќи иако се работи за два различни поими, тие често се употребуваат заменски, што води до погрешна интерпретација и неефикасна правна и институционална реакција. Ќе се прикажат главните точки на разграничување меѓу истите два феномена, вклучувајќи ја природата на односот со жртвата, согласноста и целта на експлоатација.

Ќе биде даден акцент на жената како посебно ранлива категорија жртви, при што ќе се анализираат факторите кои ги прават жените подложни на трговија, како што се:

- сиромаштијата,
- родовата нееднаквост,
- семејното насилство и
- недостигот од образовни и економски можности.

1.2.1 Дефинирање на поимот „организиран криминал“ во контекст на трговијата со бело робје

Организираниот криминал претставува комплексен феномен кој вклучува структурирани групи кои систематски извршуваат криминални активности со цел остварување профит и моќ. Според Сламков[18], организираниот криминал се карактеризира со хиерархиска структура, континуитет и употреба на насилство или корупција за постигнување на своите цели.

Во контекст на трговијата со бело робје, односно трговијата со луѓе за сексуална експлоатација, организираниот криминал игра главна улога. истата форма на трговија претставува еден од најпрофитабилните облици на организиран криминал, каде жртвите, претежно жени и девојки, се принудени на проституција и други облици на сексуална експлоатација.

Меѓународните правни акти, како што е Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал, позната како Палермо конвенција, го дефинираат организираниот криминал како сериозно delictum извршено од организирана криминална група со цел остварување финансиска или друга материјална корист. [19]

Во Република Северна Македонија, организираниот криминал е дефиниран во Кривичниот законик, каде се опфатени дела како трговија со луѓе, недозволена трговија со оружје и други облици на криминал кои вклучуваат организирани криминални групи. [20]

Кога зборуваме за трговија со луѓе, посредување во проституција, криумчарење мигранти и организиран криминал, суштински е да се повикаме на Кривичниот законик на Република Северна Македонија. Тој е основниот правен инструмент кој ги

[18] Сламков, Ѓ. (2025). Организиран криминал и корупција. Преземено од https://scholar.ugd.edu.mk/gslamkov/classes/организиран-криминал-и-корупција

[19] Михајловски, К. (2020). Организираниот криминал како безбедносна закана. Магистерски труд, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје. Преземено од https://repository.ukim.mk/bitstream/20.500.12188/6720/1/krmihajlovski2020.pdf

[20] Исламовска, С. (2016). Недозволената трговија со оружје како облик на организиран криминал. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“. Правен факултет, Скопје.

дефинира и санкционира овие дела, прецизирајќи го дејствието на извршување, карактерот на сторителите и предвидените санкции.

1. Трговија со луѓе (член 418-а)

   Овој член е јасен и строг, односно секој што ќе врши регрутирање, транспорт, купопродажба или сместување на лица заради експлоатација - сексуална, трудова или друга - се соочува со високи казни затвор. Посебно е потенцирана заштитата на жените и децата како најранливи категории. Во случаи кога жртвата е малолетна, казните се значително построги. Практично, законот вели: нема компромис со трговците со луѓе. Во ставот 1 се утврдува дека кој со сила, закана, измама, злоупотреба на положба или ранливост ќе врбува, превезува, предаде, продаде, купи или прифати лице заради експлоатација, ќе се казни со најмалку четири години затвор. Тука се гледаат неколку елементи: дејствие на извршување (врбување, превоз, предавање и сл.), субјект (може да биде секое лице, но често се работи за организирани групи), како и објект на заштита (слободата и достоинството на човекот). Санкцијата е релативно висока, што го покажува сериозниот однос на законодавецот. Чл. 418-в КЗ предвидува кривично дело „Организирање група за вршење кривични дела“ кое има важна врска со трговијата со луѓе, бидејќи најчесто оваа појава не е дело на поединци, туку на структуриран организиран криминалитет. Тука законодавецот реагира превентивно - не е потребно самото дело на трговија да се изврши; доволно е лицето да организира, поттикнува или учествува во група која има за цел вршење на овие дела. Така се санкционира in statu nascendi фазата на криминалитетот, уште пред да настапи штетната последица. Во контекстот на експлоатацијата, чл. 418-г КЗ - „Посредување во вршење проституција“ е делумно поврзан, бидејќи проституцијата е една од главните цели на трговијата со луѓе. Законодавецот тука казнува секој што ќе посредува, ќе поттикнува или ќе овозможи лице да се занимава со проституција, а доколку жртвата е малолетна, санкциите се значително повисоки. Така, правниот систем ја опфаќа и секундарната експлоатација на жртвите. На крај, чл. 418-д - „Организирање мрежа за илегална миграција“, иако на прв поглед се однесува на нелегално преминување граници, сепак е тесно поврзан со трговијата со луѓе, бидејќи во пракса нелегалната миграција

често претставува првата фаза кон експлоатацијата. Тука санкцијата е насочена кон оние кои организираат или овозможуваат нелегално преминување, што повторно укажува на потребата од заштита на луѓето кои се наоѓаат во ранлива положба.

2. Посредување во вршење проституција (член 191)

   Овдека се опфатени оние што посредуваат или овозможуваат друг да се занимава со проституција. Иако често се гледа како „помалку сериозно“ од трговијата со луѓе, законодавецот тоа не го третира лесно. Казните зависат од тоа дали се работи за организирана група или за искористување на малолетни лица. Поентата е јасна - државата сака да спречи било какво искористување на ранливи категории преку сексуална експлоатација.

3. Криумчарење мигранти (член 418-б)

   Овој член се однесува на оние што незаконски пренесуваат мигранти преку државната граница. Главното е што кривичното дело не се однесува само на физичкиот пренос, туку и на обезбедување документи или други средства за нелегален влез или престој. Во услови на современи миграции, оваа норма е исклучително важна, бидејќи криминалните групи често комбинираат криумчарење со трговија со луѓе.

4. Организиран криминал и здружување заради извршување кривични дела (член 394, 394-а и 394-б)

   Законот детално уредува што значи здружување во криминална организација. Секој што ќе формира, води или учествува во здружение создадено со цел вршење кривични дела се соочува со сериозни санкции. Член 394-а е особено важен, бидејќи ја дефинира „злосторничката организација“ - поим кој често се поврзува со мафијашки структури или транснационални групи. Член 394-б, пак, зборува за терористичка организација, која иако не е директно идентична со трговијата со луѓе, често има допирни точки во праксата.

Трговијата со бело робје е тесно поврзана со други облици на организиран криминал, како што се недозволената трговија со оружје и дрога. Според Велевски истите

активности често се меѓусебно поврзани, при што криминалните групи користат исти рути и методи за различни нелегални дејности. [21]

Табела 1 Кривичноправна анализа на делата поврзани со трговијата со луѓе и организираниот криминал

Delictum	Објект на заштита	Објективно дејствие	Сторител	Облик на вина	Санкција
Трговија со луѓе (чл. 418-а)	Достоинство, слобода, телесен и психички интегритет	Регрутирање, превезување, сместување, примање со цел експлоатација (сексуална, трудова, присилни бракови, органи)	Секое лице, индивидуално или како дел од група	Умисла	Затвор ≥ 4 год.; за малолетни жртви ≥ 8 год.; во потешки случаи и доживотен затвор
Посредување во вршење проституција (чл. 191)	Јавен морал, достоинство, слобода на жртвите	Посредување, овозможување или поттикнување проституција	Секое лице што посредува/организира, особено ако остварува корист	Умисла	Затвор до 5 год.; ако е вклучен малолетник или група → 1-10 год.
Криумчарење мигранти (чл. 418-б)	Јавен поредок, безбедност на границите, достоинство на мигрантите	Превоз, премин преку граница, обезбедување документи, олеснување престој	Секое лице што овозможува нелегален влез/престој	Умисла	Затвор ≥ 4 год.; повисоки казни ако има корист или злоупотреба на службена положба
Организиран криминал и здружување (чл. 394 и сл.)	Јавен поредок, правен систем, сигурност на граѓаните	Формирање, водење, организирање или членство во криминално здружение	Основач, водач, организатор или член на група	Умисла	Организатор: ≥ 4 год. затвор; членови: 1-10 год.

За ефективна борба против трговијата со бело робје како облик на организиран криминал, неопходна е меѓународна соработка и координација меѓу државите. Затоа се јавува потребата од:

[21] Велевски, З. (2020). Недозволената трговија со оружје како облик на организиран криминал. Магистерски труд, Институт за безбедност, одбрана и мир, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје. Преземено од https://repository.ukim.mk/bitstream/20.500.12188/9576/1/zvrevezovski2020.pdf

- размена на информации,
- заеднички истраги и
- усогласување на законодавствата за да се спречат и санкционираат истите криминални активности.

1.2.2 Разлика помеѓу трговија со луѓе и криумчарење на мигранти

Трговијата со луѓе и криумчарењето на мигранти се две различни, но често збунувачки криминални активности кои вклучуваат нелегално движење на лица преку граници. Иако на прв поглед можат да изгледаат слично, тие се разликуваат во нивната суштина, целите и последиците по жртвите.

Трговијата со луѓе подразбира регрутирање, транспорт, префрлање, засолнување или прифаќање на лица преку употреба на сила, измама или принуда, со цел експлоатација. истата експлоатација може да вклучува сексуална експлоатација, принудна работа или други форми на злоупотреба. Главен елемент е злоупотребата на ранливоста на жртвата и нејзиното присилување на активности против нејзината волја. Според Пуцакоски[22], трговијата со луѓе е сериозен прекршок на човековите права и форма на модерно ропство.

Од друга страна, криумчарењето на мигранти се однесува на помагање на лица доброволно и нелегално да преминат меѓународни граници, обично во замена за финансиска или друга материјална корист. Во истиот случај, мигрантите често се согласуваат на криумчарењето, но тоа не значи дека не се изложени на ризици. Како што истакнува Пуцакоски, криумчарењето на мигранти може да ги изложи лицата на опасности по нивниот живот и здравје. [23]

Главната разлика меѓу истите две активности лежи во согласноста и целта. Кај трговијата со луѓе, жртвите не даваат согласност и се експлоатирани против нивната

[22] Пуцакоски, О. (2019). Улогата на Европол во спречување на трговија со луѓе и криумчарење мигранти во Западен Балкан. Магистерска теза. Скопје: Филозофски факултет. Преземено од http://hdl.handle.net/20.500.12188/1674

[23] Пуцакоски, О. (2019). Улогата на Европол во спречување на трговија со луѓе и криумчарење мигранти во Западен Балкан. Магистерска теза. Скопје: Филозофски факултет. Преземено од http://hdl.handle.net/20.500.12188/1674

волја. Кај криумчарењето, мигрантите доброволно учествуваат во нелегалниот премин, но ова не ја исклучува можноста подоцна да станат жртви на експлоатација. Според извештајот на Ла Страда, мигрантите кои користат услуги на криумчари можат лесно да станат жртви на трговија со луѓе. [24]

Дополнително, трговијата со луѓе е насочена кон континуирана експлоатација на жртвата, додека криумчарењето на мигранти обично завршува со пристигнувањето на мигрантот на посакуваната дестинација. Сепак, како што истакнуваат од Ла Страда, границата меѓу истите две активности може да биде замаглена, особено кога мигрантите се наоѓаат во ранливи ситуации.[25]

Иако се различни, истите две форми на криминал често се преплетуваат. Криминалните групи кои се занимаваат со криумчарење на мигранти можат да бидат вклучени и во трговија со луѓе, искористувајќи ја ранливоста на мигрантите за понатамошна експлоатација. Според Пуцакоски, истите активности често се изведуваат од исти организирани криминални групи. [26]

Закони кои се наменети за заштита на мигрантите и кривични дела поврзани со нив се:

- Кривичниот законик,
- Законот за кривична постапка,
- Закон за странци и
- Закон за меѓународна и привремена заштита.

[24] Ла Страда. (2020). Предизвици во идентификацијата, заштитата и реинтеграцијата на жртвите на трговијата со луѓе. Преземено од https://lastrada.org.mk/wp-content/uploads/2020/10/mk-analiza-compressed.pdf

[25] Ла Страда. (2020). Предизвици во идентификацијата, заштитата и реинтеграцијата на жртвите на трговијата со луѓе. Преземено од https://lastrada.org.mk/wp-content/uploads/2020/10/mk-analiza-compressed.pdf

[26] Пуцакоски, О. (2019). Улогата на Европол во спречување на трговија со луѓе и криумчарење мигранти во Западен Балкан. Магистерска теза. Скопје: Филозофски факултет. Преземено од http://hdl.handle.net/20.500.12188/1674

Надлежен орган за гонење на сторителите на кривичните дела: криумчарење мигранти и трговија со луѓе е Основното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.[27]

Покрај законските измени, Република Македонија примени голем број други политички мерки. Една од нив е тоа што на 19 август 2015 година, Владата на Република Македонија усвои одлука за постоење на кризна состојба по јужната и северната граница на Република Македонија.[28] Се изгради привремена физичка бариера (двослојна ограда) по должината на јужната граница со што се намали можноста за неконтролирано и нерегистрирано преминување на границата меѓу Република Македонија и Република Грција.[29]

Во Кривичниот Законик на Р.Македонија, во глава 34 - „Кривични дела против човечноста и меѓународното право", инкриминирани се дејствијата на трговија со луѓе,односно со одредбите на кривичните дела:

- Засновање ропски однос и превоз на лица во ропски однос (член-418)

– Трговија со луѓе (член 418-а);

– Криумчарење на мигранти (член 418-б);

– Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти (член 418-в);

– Трговија со деца (член 418-г).

Во Кривичниот Законик на Република Северна Македонија, трговијата со деца е дефинирана во засебен член, Член 418г според кој „Тој што врбува, превезува, пренесува, купува, продава, засолнува или прифаќа малолетно лице заради

[27] Пачемска, Д. (2020). Геополитичкиот контекст на мигрантските рути и нивното влијание на организираниот криминал на Западен Балкан, со посебен осврт на Република Северна Македонија. Скопје стр. 86-89

[28] Влада на Република Македонија: Одлука за постоење на кризна состојба заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.. 141/2015)

[29] Парламентарен институт. (2016). „Ефектите на мигрантската криза во земјите од Југоисточна Европа’’ - Скопје.

експлоатација по пат на проституција или други форми на сексуална експлоатација, порнографија, принудна работа или слугување, ропство, присилни бракови, присилна фертилизација, незаконито посвојување или нему сличен однос или недопуштено пресадување делови од човеково тело, ќе се казни со затвор најмалку осум години.“

Во Законот за семејство во 2008 година за прв пат во Република Македонија се поставува прашањето за заштита на децата жртви на трговија со луѓе и во него се додава нова глава V-а - “Старателство 7над малолетни лица жртви на трговија со луѓе” со шеснаесет нови члена.[30] Заштитата на малолетните-жртви на трговија со луѓе е предвидена и во Законот за социјална заштита, а исто така предвиден е и посебен Центар за лица-жртви на трговија со луѓе.[31]

За ефективна борба против истите криминални активности, неопходно е јасно да се разликуваат и да се разберат нивните специфики. Ова овозможува развој на соодветни стратегии и политики за превенција, заштита на жртвите и гонење на сторителите. Како што се нагласува во извештајот на Ла Страда подобрувањето на идентификацијата и заштитата на жртвите е важно за справување со истите предизвици. [32]

1.2.3 Жената како посебно ранлива категорија жртви

Жените претставуваат посебно ранлива категорија жртви во контекст на трговијата со луѓе, особено кога станува збор за сексуална експлоатација. Според извештајот на Обединетите нации 72% од идентификуваните жртви на трговија со луѓе се жени и девојки, што укажува на нивната зголемена изложеност на истата форма на криминал.[33]

Социјалните и економските фактори значително придонесуваат за ранливоста на жените кон трговијата со луѓе. Сиромаштијата, невработеноста и недостатокот на

[30] „Службен весник на Република Македонија” бр. 84/08

[31] Закон за малолетничка правда - „Службен весник на Република Македонија” бр. 87 2007 година.

[32] Ла Страда. (2020). Предизвици во идентификацијата, заштитата и реинтеграцијата на жртвите на трговијата со луѓе. Преземено од https://lastrada.org.mk/wp-content/uploads/2020/10/mk-analiza-compressed.pdf

[33] UNODC. (2020). Global report on trafficking in persons 2020. United Nations Office on Drugs and Crime. Преземено од https://www.unodc.org/documents/data-and-analysis/tip/2021/GLOTiP_2020_15jan_web.pdf

образование ги тераат жените да бараат подобри можности, што често ги прави мета на трговците со луѓе.[34]

Покрај економските фактори, родовата нееднаквост и дискриминацијата се еднакво важни во зголемувањето на ранливоста на жените. Патријархалните општества и културните норми кои ги потценуваат жените можат да доведат до нивна маргинализација и експлоатација.[35]

Психолошките последици од трговијата со луѓе врз жените се длабоки и долготрајни. Жртвите често страдаат од посттрауматски стрес, депресија и анксиозност, што ја отежнува нивната реинтеграција во општеството.[36]

Меѓународните и националните правни рамки признаваат дека жените се посебно ранлива категорија жртви и предвидуваат специјални мерки за нивна заштита. Истанбулската конвенција на Советот на Европа нагласува дека државите треба да преземат конкретни чекори за спречување на насилството врз жените и заштита на жртвите.[37]

1.3 Историски развој на проблематиката

Во истата подточка ќе биде прикажан историскиот развој на феноменот на трговијата со луѓе со фокус на неговата еволуција од појавата на првите форми до современите облици и методи на дејствување. Разбирањето на историјата и трансформацијата на истиот криминален феномен е потребно за негово целосно поимање и за идентификување на моделите на однесување на организираните криминални групи кои оперираат на национално и меѓународно ниво. Историскиот преглед овозможува согледување на континуитетот и промените во природата на трговијата со луѓе и нејзините последици врз жртвите, особено жените.

[34] Kara, S. (2017). *Modern Slavery: A Global Perspective*. Columbia University Press.
[35] Hughes, D. M. (2000). The "Natasha" trade: The transnational shadow market of trafficking in women. Journal of International Affairs, 53(2), 625-651.
[36] Zimmerman, C., Hossain, M., Yun, K., Roche, B., Morison, L., & Watts, C. (2008). The health of trafficked women: A survey of women entering posttrafficking services in Europe. American Journal of Public Health, 98(1), 55-59.
[37] Council of Europe. (2021). European Anti-Trafficking Day marked in the Western Balkans. Преземено од https://www.coe.int/mk/web/skopje/-/european-anti-trafficking-day-marked-in-the-western-balka-1

На почеток, ќе биде обработена темата на почетоците и првите форми на трговијата со бело робје, со акцент на тоа како експлоатацијата на луѓе за сексуални или работни цели постои уште од антиката, но добива посистематизирана форма за време на колонијалниот и индустрискиот период. Ќе се разгледа како поимот „бело робје“ настанал во 19. век и бил употребуван за опишување на сексуалната експлоатација на жени, особено во Европа и Северна Америка.

Потоа, ќе се премине на развојот на криминалните мрежи и нивната глобализација, со осврт на периодот по Втората светска војна, па сè до крајот на 20. век. Во истиот период, трговијата со луѓе станува дел од пошироките транснационални криминални структури, кои го користат напредокот во транспортот и комуникацијата за проширување на својата мрежа. Ќе се опише и зголемувањето на профитабилноста на истиот облик на криминал, како и поврзаноста со корупцијата, миграциите и сиромаштијата.

Ќе бидат анализирани и современите трендови и адаптацијата на криминалните групи, со посебен акцент на дигиталната ера, интернетот и користењето на социјални мрежи за регрутација и контрола на жртвите. Ќе се укаже на тоа како модерните криминални мрежи се пофлексибилни, организирани во „мрежи“ наместо хиерархиски структури, и како тие реагираат на новите безбедносни, правни и општествени предизвици. истиот историски преглед ќе постави темел за подлабока анализа на современите механизми за борба против трговијата со луѓе, која ќе се обработува во следните поглавја.

1.3.1 Почетоци и први форми на трговијата со бело робје

Трговијата со бело робје, термин кој историски се однесува на присилното регрутирање и транспорт на жени за сексуална експлоатација, има длабоки корени во историјата на човештвото. истиот феномен еволуирал низ различни периоди и култури, при што неговите почетоци и први форми се предмет на бројни истражувања и дебати.

Во 19-тиот век, загриженоста за трговијата со бело робје се зголемила, особено во однос на жените кои биле принудени на проституција. Ова довело до формирање на меѓународни движења за борба против истата појава и за заштита на жените од

експлоатација. Концептот на "бело робје" бил искористен за зајакнување на контролата врз миграцијата и за ограничување на женската автономија.[38] Одредени концепти на трговијата со луѓе во текот на 20 век ги рефлектираа интересите, приоритетите и перспективите на нејзините промотори, пред се државните актери, а во периодот до 1980-тите немаше значителен напредок во смисла на единствена дефиниција. Проблемот повторно стана актуелен во 80-тите и 90-тите години на минатиот век, кога привлече зголемено внимание кај јавноста, владите, меѓународната заедница и медиумите.[39]

Како поважни настани може да ги издвоиме следниве:

- Во 1904 година, земјите кои подоцна ја формирале Лигата на Народите, склучиле Меѓународен договор за сузбивање на трговијата со бело робје, кој се однесувал на жените и девојките кои биле пренесувани во странство од неморални причини. истиот договор претставувал прв обид за меѓународна соработка во борбата против истиот облик на криминал. Шест години подоцна, во мај 1910 година, била донесена Меѓународна конвенција за сузбивање на трговијата со бело робје, со цел да се преземат поефикасни чекори за сузбивање на истиот вид трговија.

- Во 1921 година, Лигата на Народите ја донела Конвенцијата за сузбивање на трговијата со жени и деца, која ја истакнала потребата од заштита на сите малолетни лица и нивно подведување под посебен третман. истата конвенција го проширила фокусот на меѓународната заедница кон заштита на децата од експлоатација.

- Во 1933 година, била донесена Конвенцијата за сузбивање на трговијата со жени во полна возраст, која се фокусирала на заштита на возрасните жени од присилна проституција и експлоатација. истата конвенција ја нагласила важноста на меѓународната соработка во борбата против трговијата со луѓе.

[38] Lammasniemi, L. (2017). 'White slavery': the origins of the anti-trafficking movement. Преземено од https://www.opendemocracy.net/en/beyond-trafficking-and-slavery/white-slavery-origins-of-anti-trafficking-movement/

[39] Scarpa, S. (2008). Trafficking in human beings: modern slavery. Oxford University Press, USA.

- Во 1949 година, Обединетите Нации ја усвоиле Конвенцијата за забрана на трговија со луѓе и искористување на други за проституција, со што се обиделе да ги обединат и зајакнат напорите за елиминација на трговијата со луѓе на глобално ниво. истата конвенција претставува значаен чекор во меѓународните напори за сузбивање на истиот облик на криминал.[40]

Вкупно, правата на жените се регулирани со следните меѓународни конвенции: Декларација за заштита на жените и децата во вонредни околности и за време на вооружени конфликти од 14 декември 1974 година, Декларација за елиминација на дискриминацијата врз жените од 7 ноември 1967 година, Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација на жените, Конвенција 1979 година. Политичките права на жените од 20 декември 1952 година, Конвенција за согласност за брак, минимална возраст за брак и регистрација на бракови од 7 ноември 1962 година, Конвенција за еднаков надомест на мажите и жените за работа со еднаква вредност од 29 јуни 1951 година.

Во 1910 година беше потпишана Меѓународната конвенција за сузбивање на трговијата со жени. Конвенцијата обезбеди листа на злосторства, особено поттикнување или вклучување во разврат на малолетни лица и возрасни жени и девојки, дури и ако поединечни дејствија кои се дел од ова delictum биле извршени во различни земји. Во однос на возрасните, истите дејствија се сметаат за криминални доколку има измама, насилство, закана, злоупотреба на власта, принуда или кој било друг метод.

принуда. Во исто време, Конвенцијата посочи дека договорните влади може да воспостават одговорност за други акти од истиот вид. Од големо значење беше правилото според кое виновниците за истите кривични дела треба да бидат казнети со затвор и екстрадирани по барање на други држави. Како и секој нормативен акт, така и Конвенцијата имаше свои недостатоци. Не содржи одредби за одговорност за присилно задржување на жени во бордел; не беше утврдена одговорност за самиот факт на продажба на жени.

[40] Стојанова, Е. (2019). Мерки и Протоколи за спречување на трговијата со луѓе во Република Македонија и земјите од ЕУ. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, Филозофски Факултет. Преземено од https://repository.ukim.mk/bitstream/20.500.12188/2437/1/emstojanova2019.pdf

Во 1921 година беше сважена нова Конвенција - Женевската конвенција, која содржеше забрана за трговија со жени и деца. истата конвенција предложи да се изведат пред лицето на правдата оние кои ги наведуваат жените на проституција и оние кои се вклучени во трговија со жени и деца. По завршувањето на Втората светска војна, ОН почнаа да се занимаваат со истите проблеми; На 21 март 1950 година беше потпишана Конвенцијата за сузбивање на трговијата со луѓе и експлоатација на туѓа проституција.

Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи предвидува создавање на ефективен систем на меѓународен мониторинг на почитувањето на човековите права во државите членки на конвенцијата. Африканската повелба се одликува со присуство на колективни права.

Арапската повелба за човекови права е од особен интерес. Ова се објаснува не со содржината на Повелбата, туку со нејзината поврзаност со исламот, кој го исповедаат повеќе од 1 милијарда луѓе на планетата, а 96 држави се сметаат себеси за исламски. Не земајќи го предвид нивниот пристап кон човековите права при развивањето заеднички стандарди би значело дискриминација на народите на верска основа.

Општите стандарди треба да вклучуваат елементи на исламскиот пристап кон човековите права, како и елементи на други идеолошки системи. Проблемот со човековите права во исламот не може да се претстави на таков начин што исламските земји се карактеризираат со непочитување на човековите права, додека во останатиот дел од светот тие се почитуваат. Човековите права се прекршени во сите земји, вклучувајќи ги и оние што се нарекуваат демократски.

1.3.2 Развој на криминалните мрежи и нивната глобализација

Развојот и глобализацијата на криминалните мрежи претставуваат значаен предизвик за современите општества, со длабоки импликации врз безбедноста и стабилноста на државите. истите мрежи се адаптираат на променливите услови, користејќи ги предностите на глобализацијата и технолошкиот напредок за проширување на своите активности.

Според Европол, во Европската унија оперираат над 800 добро организирани криминални групи, специјализирани за различни тешки кривични дела, вклучувајќи

трговија со дрога, трговија со луѓе и имотни деликти.[41] истите групи покажуваат висока флексибилност и способност за инфилтрација во легални бизнис структури, што го отежнува нивното откривање и сузбивање.

Трговијата со луѓе, како дел од активностите на истите мрежи, е особено загрижувачка. Истражувањата покажуваат дека регионот на Југоисточна Европа станал подрачје на дестинација, транзит и потекло на жртви на трговија со луѓе, при што организираните криминални групи ги искористуваат економските и социјалните слабости на истите општества. [42]

Глобализацијата овозможи криминалните мрежи да ги прошират своите операции преку националните граници, користејќи ги предностите на отворените пазари и слободното движење. Ова доведе до зголемена соработка меѓу криминалните групи од различни земји, што дополнително го комплицира нивното следење и спречување.[43] Технолошкиот напредок, особено во областа на комуникациите и финансиските трансакции, им овозможи на истите мрежи да оперираат со поголема ефикасност и дискретност. Користењето на криптовалути и енкриптирани комуникациски канали ги прави нивните активности потешки за следење од страна на надлежните органи.

Справувањето со истите предизвици бара координирани меѓународни напори и адаптација на правните и институционалните рамки. За таа цел, Европската унија презема чекори за зајакнување на соработката меѓу земјите членки и подобрување на капацитетите за борба против организираниот криминал, вклучувајќи ја и трговијата со луѓе.

[41] Европол. (2024). Повеќе од 800 опасни криминални мрежи работат во ЕУ. Преземено од https://fokus.mk/evropol-poveke-od-800-opasni-kriminalni-mrezhi-rabotat-vo-eu/

[42] Стојанова, Е. (2019). Мерки и Протоколи за спречување на трговијата со луѓе во Република Македонија и земјите од ЕУ. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, Филозофски Факултет. Преземено од https://repository.ukim.mk/bitstream/20.500.12188/2437/1/emstojanova2019.pdf

[43] Европол. (2024). Повеќе од 800 опасни криминални мрежи работат во ЕУ. Преземено од https://fokus.mk/evropol-poveke-od-800-opasni-kriminalni-mrezhi-rabotat-vo-eu/

1.3.3 Современи трендови и адаптација на криминалните групи

Современите криминални групи се соочуваат со динамичен и постојано променлив пејзаж, што ги поттикнува да се адаптираат и да ги усвојуваат најновите технологии и стратегии за да ги одржат и прошират своите нелегални активности. истата адаптација е особено видлива во начинот на кој тие ги користат дигиталните платформи и криптовалутите за перење пари и финансирање на нелегални операции. [44]

Покрај тоа, криминалните мрежи сè повеќе се инфилтрираат во легални бизниси, користејќи ги како параван за нивните нелегални активности. истата стратегија не само што им овозможува да ги перат нелегално стекнатите средства, туку и да воспостават легитимна фасада која го отежнува нивното откривање од страна на надлежните органи.[45]

Глобализацијата исто така придонесе за зголемување на соработката меѓу различни криминални групи на меѓународно ниво. истата соработка им овозможува да ги комбинираат ресурсите и експертизата, создавајќи посложени и потешко откриени криминални операции.[46]

Во контекст на трговијата со луѓе, криминалните групи ги адаптираат своите методи за регрутирање и експлоатација на жртвите, искористувајќи ги социјалните мрежи и други онлајн платформи за да привлечат и контролираат лица во ранливи ситуации.[47] Дополнително, истите групи покажуваат зголемена флексибилност во преминувањето од една форма на криминал во друга, во зависност од профитабилноста и ризикот. На пример, некои групи кои традиционално се занимавале со трговија со дрога, сега се

[44] Europol. (2021). *Internet Organised Crime Threat Assessment (IOCTA) 2021*. Преземено од https://www.europol.europa.eu/cms/sites/default/files/documents/internet_organised_crime_threat_assessment_iocta_2021.pdf

[45] Savona, E. U., & Riccardi, M. (2015). *From illegal markets to legitimate businesses: the portfolio of organised crime in Europe*. Final Report of Project OCP - Organised Crime Portfolio. Trento: Transcrime - Università degli Studi di Trento. Преземено од https://www.transcrime.it/wp-content/uploads/2015/04/OCP-Final-Report.pdf

[46] United Nations Office on Drugs and Crime (UNODC). (2010). *The Globalization of Crime: A Transnational Organized Crime Threat Assessment*. Vienna: UNODC. Преземено од https://www.unodc.org/documents/data-and-analysis/tocta/TOCTA_Report_2010_low_res.pdf

[47] Europol. (2021). *Internet Organised Crime Threat Assessment (IOCTA) 2021*. Преземено од https://www.europol.europa.eu/cms/sites/default/files/documents/internet_organised_crime_threat_assessment_iocta_2021.pdf

насочуваат кон сајбер криминал, препознавајќи го како помалку ризичен и потенцијално попрофитабилен.[48]

1.4 Правни рамки и регулативи

Во истата подточка ќе се обработат правните рамки и регулативи кои ја дефинираат и уредуваат борбата против трговијата со луѓе, со посебен акцент на меѓународните и националните правни документи, како и на практичната ефикасност и предизвиците при нивната имплементација. Разбирањето на правниот контекст е од неопходно значење за анализа на капацитетот на државата и меѓународната заедница да превенираат, санкционираат и обезбедат заштита на жртвите, особено на жените како најчести цели на сексуална експлоатација.

Прво, ќе бидат разгледани меѓународните конвенции и протоколи за борба против трговијата со луѓе, како што се Палермскиот протокол (2000), Конвенцијата на ОН против транснационален организиран криминал, како и инструментите на Советот на Европа, вклучително и Конвенцијата против трговијата со луѓе. Ќе се анализира нивното значење за создавање унифицирани правни стандарди, како и обврските што произлегуваат за државите потписнички, вклучително и Република Северна Македонија.

Понатака, ќе се направи преглед на националните законодавства и нивната ефикасност, каде ќе се анализираат домашните закони кои го регулираат истиот криминал, како што се:

- Кривичниот законик,
- Законот за кривична постапка,
- Законот за социјална заштита, како и
- подзаконски акти и стратегии.

[48] Europol. (2021). *Internet Organised Crime Threat Assessment (IOCTA) 2021*. Преземено од https://www.europol.europa.eu/cms/sites/default/files/documents/internet_organised_crime_threat_assessment_iocta_2021.pdf

Ќе се прикаже како правната рамка е усогласена со меѓународните стандарди и ќе се процени нејзината ефективност во пракса, особено во идентификација на жртвите, гонење на сторителите и обезбедување на правна помош.

Третата подточка ќе биде посветена на реформите и предизвиците во правниот систем за заштита на жртвите, при што ќе се опфатат прашања како што се:

- недоволната едукација на правните актери,
- недостигот на специјализирани служби,
- проблемите со истражните и судските постапки, и
- потребата од подобра координација меѓу институциите.

Ќе се нагласат и препораките на меѓународни тела како ГРЕТА и ОН во однос на унапредување на пристапот до правда, компензација и реинтеграција на жртвите.

1.4.1 Меѓународни конвенции и протоколи за борба против трговијата со луѓе

Трговијата со луѓе претставува сериозен глобален проблем кој бара координирани меѓународни напори за негово спречување и сузбивање. Во таа насока, усвоени се неколку значајни меѓународни конвенции и протоколи кои служат како правна основа за борба против истиот феномен.

Глобализацијата на социјалните и економските процеси на крајот на 20 век. Тоа, исто така, доведе до глобализација на криминалот, правејќи го сè поорганизиран и транснационален. Светската заедница со здружување на силите настојува да се спротивстави на истите негативни процеси. Најважниот чекор во истата насока беше усвојувањето на Конвенцијата на ОН против транснационалниот организиран криминал (12-15 декември 2000 година, Палермо, Италија).

Генералното собрание на ОН, во резолуцијата 53/111 од 9 декември 1998 година, одлучи да формира отворен меѓувладин ад хок комитет за да развие сеопфатна меѓународна конвенција против транснационалниот организиран криминал и да разговара за прашањето за развивање, особено, меѓународен инструмент за борба против трговијата со жени и деца. Повикувајќи се на истата резолуција и имајќи

предвид дека со цел да се преземат ефективни мерки за спречување и борба против трговијата со луѓе, особено со жени и деца, потребен е сеопфатен меѓународен пристап во земјите на потекло, транзит и дестинација, вклучувајќи мерки насочени кон спречување на таквата трговија, казнување на инволвираните и заштита на жртвите на таква трговија, вклучително и со заштита на нивните меѓународно признати човекови права.

Еден од најважните меѓународни инструменти е Протоколот за спречување, сузбивање и казнување на трговијата со луѓе, особено жени и деца, познат како Палермски протокол, кој е дополнение на Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал.[49] истиот протокол обезбедува дефиниција за трговијата со луѓе и поставува рамка за заштита на жртвите и соработка меѓу државите. Тој влезе во сила во 2003 година и негова цел е државите да ја инкриминираат трговијата со луѓе, спречување и борба против трговијата со луѓе со посебно внимание на жените и децата, помагање на жртвите од таа трговија со заштита на нивните основни права и промовирање соработка меѓу државите за остварување на истите цели.[50]

Според Протоколот за спречување, сузбивање и казнување на трговијата со луѓе, особено жени и деца,

а) „трговија со луѓе“ значи регрутирање, транспорт, трансфер, засолнување или примање на лица, извршени со цел на експлоатација, со закана или употреба на сила или други форми на принуда, киднапирање, измама, измама, злоупотреба на моќ или положба на ранливост, или со поткуп, или со поткуп, во форма на бенефиции на лице кое има контрола врз друго лице за да добие плаќање. Експлоатацијата вклучува, минимум, експлоатација на проституција, други лица или други форми на сексуална експлоатација, принудна работа или услуги, ропство или практики слични на ропство, ропство или отстранување на органи;

[49] United Nations. (2000). *Protocol to Prevent, Suppress and Punish Trafficking in Persons, Especially Women and Children, supplementing the United Nations Convention against Transnational Organized Crime*. Преземено од https://www.ohchr.org/en/professionalinterest/pages/protocoltraffickinginpersons.aspx

[50] Пачемска, Д. (2020). Геополитичкиот контекст на мигрантските рути и нивното влијание на организираниот криминал на Западен Балкан, со посебен осврт на Република Северна Македонија. Скопје стр. 86-89

б) согласноста на жртвата на трговија со луѓе за планираната експлоатација од потстав (а) на истиот член не се зема предвид доколку било употребено некое од средствата наведени во потстав (а);

(в) Регрутирањето, транспортот, трансферот, засолнувањето или примањето на дете заради експлоатација ќе се смета за „трговија со луѓе“ дури и ако тоа не вклучува некое од средствата наведени во потстав (а) на истиот член.

Основни концепти кои се користат при разгледување на проблемот со трговијата со луѓе:

- Регрутирање - вработување, регрутирање за која било работа, вклучување во каква било активност, вклучително и незаконско, вклучување во која било организација, вклучително и активности забранети со закон;

- Држава на дестинација - држава на чија територија се експлоатираат физичките квалитети на жртвите на трговија со луѓе или тие се вклучени во принудна работа;

- Држава на потекло - државата од чија територија се отстранети жртвите на трговија со луѓе, или чии граѓани се жртви на трговија со луѓе, или на чија територија работи и/или е регистрирано правно лице што се занимава со трговија со луѓе, или служи како фронт за трговија со луѓе;

- Транзитна држава - држава низ чија територија се вршат активности на трговија со луѓе;

- Должничкото ропство е ситуација или состојба што произлегува како резултат на тоа што должникот го заложил својот личен труд или трудот на лице зависно од него како обезбедување на долгот, ако вредноста на извршената работа, утврдена на правилен начин, не се смета за отплата на долгот или ако времетраењето на истата работа не е ограничено со ниеден период и неговата природа не е одредена;

- Службеност значи извршување на која било работа или давање услуги под закана од казна, на што лицето доброволно не се согласило;

- Ропство - состојба или положба на лице во однос на кое се вршат некои или сите овластувања својствени за правото на сопственост;

- Уцена - принудување жртва на трговија со луѓе да изврши какви било дејствија под закана од насилство, или оштетување или уништување на имот на жртвата или луѓе блиски до неа, или под закана за ширење информации што ја срамотат жртвата или луѓето блиски до неа, или други информации што можат да предизвикаат значителна штета на правата или легитимните интереси на жртвата или на луѓето блиски до неа;

- Експлоатацијата вклучува принудна работа или услуги, ропство или практики слични на ропство, ропство или отстранување на човечки органи и ткива, експлоатација на проституција на други или други форми на експлоатација на лице со цел сексуално однесување.

- Трговците со луѓе се физички или правни лица или групи на лица кои вршат какви било дејствија што го сочинуваат концептот на трговија со луѓе, како и службени лица кои преку своите дејствија ја олеснуваат трговијата со луѓе и не ја спречуваат или пружаат отпор, иако се должни да го сторат тоа врз основа на нивните службени овластувања;

- Жртва на трговија со луѓе - лице кое било жртва на трговија со луѓе што е регрутирана, транспортирана, пренесена, продадена или задржана на начин опишан во дефиницијата за „трговија со луѓе“, без разлика дали лицето има согласност од тоа лице или не;

- Борба против трговијата со луѓе - активности за спречување, идентификување, сузбивање, минимизирање на последиците од трговијата со луѓе, обезбедување помош на жртвите на трговија со луѓе;

- Засолништа за жртви на трговија со луѓе - специјални институции кои вршат активности за борба против трговијата со луѓе, имаат станбени и помошни простории кои ги исполнуваат потребните услови за живот, медицинска и психотерапевтска поддршка, како и центри наменети за консултантска, правна, социјална помош на жртвите на трговија со луѓе, нивна реинтеграција во семејството и општеството;

- Сурогат мајка - жена која родила дете како резултат на употреба на медицински метод на вештачко оплодување или имплантација на ембрион заради негово носење.

Знаци на трговија со луѓе се дејствија со кои се прекршуваат човековите права, чие извршување доведува до примање бенефиции (материјални или од друга природа) за друго лице:

а) употреба на физичко и ментално насилство или закани;

б) одземање на лични документи од лице кое станало жртва на трговија со луѓе;

в) вклучување во должничко ропство;

г) принудна работа;

д) ограничување на слободата на движење;

ѓ) измама или повреда на довербата.

Согласноста на жртвата на трговија со луѓе за извршување на одредени дејствија или работа не се зема предвид, според меѓународното право, при класификација на одредена акција како трговија со луѓе доколку била применета некоја од наведените форми на експлоатација.

Формата на трговија со луѓе се определува во зависност од видот на криминалната експлоатација која се применува на жртвата на трговија со луѓе. Во зависност од методот на принуда, криминалната експлоатација се дели на:

а) физичка принуда со употреба на насилство и/или со употреба на силни дроги, алкохол, лекови;

б) економска принуда во форма на должничко ропство или друга материјална зависност;

в) ментална принуда преку уцена, измама, лажно претставување или закана со насилство;

г) законска зависност во врска со посвојување или старателство или во врска со брак без цел да се создаде семејство;

д) ропство или услови слични на ропството.

Врз основа на содржината на активностите на жртвите на трговија со луѓе, криминалната експлоатација е поделена на следниве видови:

а) експлоатација на трудот во сферата на секојдневниот живот (услуги за домаќинство и потрошувачи);

б) искористување на трудот во производството, земјоделските работи;

в) експлоатација во сферата на криминалниот бизнис (учество во вооружени групи, во производство на нелегални производи);

г) експлоатација на лице заради извршување дејствија од сексуална природа;

д) употреба на човечки физиолошки параметри за трансплантација на органи и ткива,

ѓ) употреба на жени како сурогат мајки.

Трговијата со луѓе претставува зголемена јавна опасност кога се извршуваат дејствијата:

а) со измама, насилство, закана со физичка сила на територијата на државата одредиште, искористувајќи ја беспомошната состојба на лицето (незаконски статус, неспособност, инвалидитет или зависна положба) за принудување на сексуални дејствија;

б) организирани, т.е. кога се извршени од лице кое поседува бордел или друго претпријатие во земјата на дестинација каде што луѓето однесени на работа се во лична или економска зависност;

в) присилува малолетници, односно лица помлади од осумнаесет години да се занимаваат со проституција;

г) насочени кон вклучување деца во проституција или други дејствија од сексуална природа;

д) имаат за цел да извлечат органи и ткива од човечкото тело;

ѓ) се сторени спрема лице кое е неспособно поради неговата психичка или физичка состојба.

Успешната борба против трговијата со луѓе зависи од правната поддршка за решавање на истиот проблем и на ниво на меѓународно и домашно право.

Советот на Европа ја усвои Конвенцијата за акција против трговијата со луѓе во 2005 година, која стапи на сила во 2008 година.[51] истата конвенција се фокусира на заштита на правата на жртвите, спречување на трговијата и гонење на сторителите, воспоставувајќи механизам за мониторинг преку ГРЕТА (Group of Experts on Action against Trafficking in Human Beings).

Додека претходните регулативи првенствено беа насочени против ропството, Протоколот кон Конвенцијата од 2000 година се фокусира на трговијата со луѓе, со особено внимание на жените и децата. „Трговија со луѓе“ значи „регрутирање, транспорт, трансфер, засолниште или примање на лица, извршени со цел на експлоатација, со закана или употреба на сила или други форми на принуда, киднапирање, измама, измама, злоупотреба на моќ или положба на ранливост, или со поткуп, плаќања или бенефиции,

Европската унија исто така презеде значајни чекори во борбата против трговијата со луѓе, усвојувајќи ја Директивата 2011/36/EU, која поставува минимални стандарди за дефинирање на кривичните дела и санкциите во врска со трговијата со луѓе, како и мерки за заштита и помош на жртвите.[52]

Меѓународната организација на трудот (ILO) има усвоено Конвенции бр. 29 и 105 кои се однесуваат на забрана на присилната или задолжителната работа, што е тесно

[51] Council of Europe. (2005). *Council of Europe Convention on Action against Trafficking in Human Beings*. Преземено од https://rm.coe.int/168008371d

[52] European Parliament and Council. (2011). *Directive 2011/36/EU on preventing and combating trafficking in human beings and protecting its victims*. Преземено од https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A32011L0036

поврзано со феноменот на трговијата со луѓе.[53][54] истите конвенции ги обврзуваат државите да ја елиминираат присилната работа во сите нејзини форми.

Дополнително, регионални иницијативи како што е Истанбулската конвенција на Советот на Европа од 2011 година, која се фокусира на спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство, исто така адресираат аспекти поврзани со трговијата со луѓе, особено во контекст на заштита на жените и девојчињата како ранливи категории.[55]

1.4.2 Национални законодавства и нивната ефикасност

Националните законодавства се исто така меѓу најзначајните кога станува збор за борбата против трговијата со луѓе, при што нивната ефикасност варира во зависност од различни фактори како што се

- правната рамка,
- спроведувањето на законите и
- меѓуинституционалната соработка.

Истражувањата покажуваат дека земјите со сеопфатни и добро имплементирани закони имаат поголем успех во идентификувањето и заштитата на жртвите на трговијата со луѓе.[56]

Еден од главните аспекти на ефикасноста на националните законодавства е степенот на усогласеност со меѓународните стандарди и конвенции. Земјите кои ги имаат

[53] International Labour Organization. (1930). *C029 - Forced Labour Convention, 1930 (No. 29)*. Преземено од https://www.ilo.org/dyn/normlex/en/f?p=NORMLEXPUB:12100:0::NO::P12100_INSTRUMENT_ID:312174

[54] International Labour Organization. (1957). *C105 - Abolition of Forced Labour Convention, 1957 (No. 105)*. Преземено од https://www.ilo.org/dyn/normlex/en/f?p=NORMLEXPUB:12100:0::NO::P12100_INSTRUMENT_ID:312250

[55] Council of Europe. (2021). European Anti-Trafficking Day marked in the Western Balkans. Преземено од https://www.coe.int/mk/web/skopje/-/european-anti-trafficking-day-marked-in-the-western-balka-1

[56] Laczko, F., & Gozdziak, E. M. (Eds.). (2005). *Data and Research on Human Trafficking: A Global Survey*. International Organization for Migration.

ратификувано и имплементирано одредбите од меѓународни инструменти, како што е Палермскиот протокол, покажуваат подобри резултати во спречувањето и гонењето на трговијата со луѓе.[57]

Сепак, постојат предизвици во спроведувањето на националните закони, вклучувајќи недоволни ресурси, недостаток на обука на спроведувачите на законот и корупција. истите фактори можат значително да ја намалат ефикасноста на законодавството и да овозможат продолжување на трговијата со луѓе.[58]

Покрај тоа, културните и социјалните фактори во одредени општества можат да влијаат на перцепцијата и третманот на жртвите на трговијата со луѓе. Во некои случаи, жртвите можат да бидат криминализирани или маргинализирани, што дополнително го отежнува нивното идентификување и заштита.[59]

Истражувањата исто така укажуваат на важноста на мултидисциплинарниот пристап во спроведувањето на законите против трговијата со луѓе. Соработката меѓу различни сектори, како што се полицијата, социјалните служби и невладините организации, е од големо значење за обезбедување на сеопфатен одговор на истиот комплексен проблем.[60]

За да се подобри ефикасноста на националните законодавства, потребно е континуирано оценување и прилагодување на законските рамки, како и инвестирање во обука и ресурси за спроведување на законот. Само преку вакви напори може да се обезбеди ефективна заштита на жртвите и гонење на сторителите на трговијата со луѓе.[61]

[57] Gallagher, A. T. (2010). The international law of human trafficking. Cambridge University Press.
[58] Shelley, L. (2010). *Human Trafficking: A Global Perspective*. Cambridge University Press.
[59] Sanghera, J. (2005). *Unpacking the trafficking discourse*. In K. Kempadoo, J. Sanghera, & B. Pattanaik (Eds.), *Trafficking and Prostitution Reconsidered: New Perspectives on Migration, Sex Work, and Human Rights* (pp. 3-24). Paradigm Publishers.
[60] Farrell, A., McDevitt, J., & Fahy, S. (2010). *Where are all the victims? Understanding the determinants of official identification of human trafficking incidents*. Criminology & Public Policy, 9(2), 201-233.
[61] Gozdziak, E. M., & Bump, M. N. (2008). *Data and Research on Human Trafficking: Bibliography of Research-Based Literature*. Institute for the Study of International Migration, Georgetown University.

1.4.3 Реформи и предизвици во правниот систем за заштита на жртвите

Реформите во правниот систем за заштита на жртвите на трговија со луѓе се од неопходно значење за обезбедување на нивната социјална интеграција и почитување на човековите права. Ефективната социјална интеграција на жртвите бара мултидисциплинарен пристап кој ги вклучува правните, социјалните и здравствените аспекти.

Еден од главните предизвици во правниот систем е недостатокот на соодветна обука и свест кај правните професионалци за специфичните потреби на жртвите на трговија со луѓе. Ова може да доведе до недоволна заштита и поддршка за жртвите во текот на судските постапки.

Покрај тоа, постојат предизвици во обезбедувањето на социјална заштита на жртвите на трговија со луѓе. Донева и Роглева истакнуваат дека правната и институционалната рамка во Република Северна Македонија сè уште се соочува со предизвици во обезбедувањето на соодветна социјална заштита на истите жртви.[62]

Друг значаен предизвик е обезбедувањето на соодветни механизми за компензација на жртвите. Според истражувањето на Ѓорѓиева и Донева влијанието на кривичните пресуди во граѓанските постапки е од важно значење за обезбедување на правдата за жртвите.[63]

Дополнително, потребно е подобрување на координацијата меѓу различните институции и организации кои работат на заштита на жртвите. Според Донева имплементацијата на националните политики во борбата против внатрешната трговија со луѓе бара ефективна соработка меѓу сите релевантни чинители.[64]

---

[62] Донева, Н., & Роглева, А. (2021). Социјална заштита на жртви на трговија со луѓе - правна и институционална рамка во Република Северна Македонија. Во Зборник на трудови од Меѓународната научна конференција „Социјални промени во глобалниот свет“. Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

[63] Ѓорѓиева, Д., & Донева, Н. (2024). Влијанието на кривичните пресуди во граѓанските постапки. International Scientific Journal Vision, 9(1), 105-116.

[64] Донева, Н. (2022). Имплементација на националните политики во однос на борбата против внатрешната трговија со луѓе во Република Северна Македонија. Knowledge-International Journal, 139-145.

За успешно справување со истите предизвици, неопходно е континуирано оценување и прилагодување на правната рамка, како и инвестирање во обука и ресурси за сите вклучени страни. Само преку вакви реформи може да се обезбеди ефективна заштита и поддршка на жртвите на трговија со луѓе.

1.5 Компаративен осврт на меѓународната практика

Во истата подточка ќе биде извршен компаративен осврт на меѓународната практика во справувањето со трговијата со луѓе, со акцент на анализа на ефективноста на различни стратегии, улогата на меѓународните организации, како и споредбата на националните пристапи во различни региони и држави. Целта е да се добие поширок увид во проверени модели и добри практики што може да послужат како основа за унапредување на домашните политики и механизми за заштита на жртвите и санкционирање на сторителите.

Најпрвин, ќе се разгледаат примери на успешни стратегии за сузбивање на трговијата со бело робје, со посебен осврт на политики кои довеле до значајно намалување на бројот на жртви, зголемена идентификација, подобра меѓусекторска соработка и поефикасно гонење. Ќе бидат опфатени случаи каде интегрирани пристапи - кои ги поврзуваат полицијата, правосудството, социјалните служби и невладиниот сектор - покажале особена успешност.

Во следната подточка ќе се анализира улогата на меѓународните организации како ОБСЕ, Обединетите нации (преку UNODC и UNHCR), Европската комисија, како и агенции како Европол и Интерпол. Ќе се прикаже како истите тела влијаат врз креирањето и хармонизирањето на политиките, следењето на состојбата, финансирањето на проекти и координирањето на прекуграничните акции против трговијата со луѓе.

Третата подточка ќе даде споредба на пристапите во различни држави, со фокус на САД, земјите членки на Европската Унија и државите од Балканот, вклучително и Северна Македонија. Ќе се споредуваат нивните законски решенија, институционални капацитети, системи за заштита на жртвите и пристапите кон реинтеграција. Внимание ќе се посвети на разликите во превентивните мерки, степенот на јавна свест, и системите за следење и евалуација на резултатите.

Оваа компаративна анализа има за цел не само да ги прикаже успешните практики туку и да ги идентификува слабостите и пропустите во постоечките модели. На тој начин ќе се овозможи утврдување на препораки кои се засноваат на реални примери и можат да бидат прилагодени на националниот контекст. Конечната цел на истата подточка е да понуди сеопфатен поглед на глобалните напори за борба против трговијата со луѓе и да го поддржи заклучокот дека само преку меѓународна соработка, размена на информации и адаптација на проверени практики може да се постигнат долгорочни резултати.

1.5.1 Примери на успешни стратегии за сузбивање на трговијата со бело робје

Трговијата со луѓе претставува глобален предизвик кој бара комплексни и мултидисциплинарни стратегии за сузбивање. Успешните пристапи вклучуваат превенција, заштита на жртвите, гонење на сторителите и партнерства меѓу различни сектори.

Првата линија на одбрана против трговијата со луѓе е општата превенција, која функционира преку законодавството и строги санкции како детерминантна компонента на etiologia criminis. Законот треба да ги дефинира сите облици на трговија со луѓе - трудова експлоатација, сексуална експлоатација, принудна проституција и други - со јасни елементи, средства и цели. Додека законодавната рамка само по себе не е гаранција дека трговијата ќе се намали, строгите казни - затвор, глоба, конфискација на средствата - можат да делуваат одвраќачки ако се применуваат доследно и транспарентно. Но, тука се јавува прашањето: колку е судската ефикасност, колку е следливоста на случаите, и колку е јавната свест за тоа дека санкциите постојат?

Специјалната превенција се фокусира на казнување и ресоцијализација на сторителите, со цел да не се повтори делото. Во оваа насока, истражување укажува дека заедницата што се бори против трговијата со луѓе треба да развие посилни програми за рехабилитација, информирани за траумата, за сторителите на трговија со луѓе.[65] Ресоцијализацијата не е само хуманинарен гест; тоа е правен институт кој има

[65] Bouché, V. (2017). *An empirical analysis of the intersection of organized crime and human trafficking in the United States*. National Criminal Justice Reference Service, Office of Justice Programs.

функција да го намали рецидивизмот и да ја подобри шанса дека по издржување на казната сторителот нема да се врати кон криминал. Таа вклучува терапија, обука, можеби менторство, задолжителни програми за етика и човечки права, какви што се користат во некои пост-конфликтни или пост-кризни општества.

Социјалната превенција и институционалната превенција се две категории кои многу често се испреплетуваат, но истовремено имаат различни задачи. Социјалната превенција вклучува едукација: информативни кампањи, вклучување на школите, заедниците, поддршка на ранливите категории да имаат економски можности.

Еден пример за успешна стратегија е спроведувањето на сеопфатни програми за подигање на свеста во заедниците со висок ризик. Истражувањата покажуваат дека едукацијата и информирањето на потенцијалните жртви значително го намалуваат ризикот од експлоатација.[66] Кампањите за подигање на свеста за трговијата со луѓе можат да ја едуцираат јавноста и специфичните професионални лица за овој криминал и начините за негово спречување.[67] Уште подобро е ако едукацијата е „одоздола“, преку локални организации, невладини, и преку медиуми блиски до луѓето кои се на ризик. Институционалната превенција, пак, ја опфаќа улогата на полицијата, судовите, обвинителството и центрите за социјална работа - тие мора да соработуваат, да имаат надлежности и ресурси, да бидат ефикасни, професионални и чувствителни на човечкото достоинство на жртвите.

Додека пак, обезбедувањето на соодветна заштита и поддршка за жртвите е важно за нивната реинтеграција во општеството. Програмите кои нудат психолошка помош, правна поддршка и професионална обука се покажале како ефективни во намалувањето на повторната виктимизација.[68]

Гонењето на сторителите преку зајакнување на правните рамки и меѓународната соработка е од неопходно значење. Земјите кои вовеле построги казни и подобрена

[66] Smith, J. (2018). Community Awareness Programs and Their Impact on Human Trafficking Prevention. *Global Social Issues Journal*, 12(1), 45-60.

[67] Savoia, E., Piltch-Loeb, R., Muibu, D., Leffler, A., Hughes, D., & Montrond, A. (2023). Reframing human trafficking awareness campaigns in the United States: goals, audience, and content. *Frontiers in public health*, *11*, 1195005.

[68] Jones, L., & Brown, K. (2020). Victim Support Programs: Key to Preventing Re-Trafficking. *Social Work Review*, 15(3), 210-225.

координација меѓу агенциите забележале зголемена стапка на успешни пресуди против трговците со луѓе.[69]

Партнерствата меѓу владините институции, невладините организации и приватниот сектор се исто така несомнително важни во борбата против трговијата со луѓе. Споделувањето на информации и ресурсите овозможува поефикасно идентификување и спречување на истите криминални активности.[70]

Користењето на технологијата за следење и откривање на трговијата со луѓе се покажало како иновативен пристап. Развојот на софтвери за анализа на податоци и мониторинг на сомнителни активности овозможува побрзо реагирање и спречување на потенцијални случаи на експлоатација.[71]

1.5.2 Улогата на меѓународните организации (ОБСЕ, ОН, Европол)

Меѓународните организации го имаат најголемиот удел во борбата против трговијата со луѓе и истите обезбедуваат координација, поддршка и стандардизација на напорите на глобално и регионално ниво. Трите значајни тела во истата област се:

- Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ),
- Обединетите нации (ОН) и
- Европол.

ОБСЕ активно се вклучува во спречувањето на трговијата со луѓе преку организирање на конференции и семинари кои имаат за цел зајакнување на регионалната соработка и размена на добри практики. На пример, во октомври 2016 година, ОБСЕ беше домаќин на регионална конференција во Скопје, каде што околу 60 претставници од

[69] Garcia, M. (2019). Strengthening Legal Frameworks to Combat Human Trafficking: A Comparative Analysis. *Journal of International Law*, 34(2), 345-367.
[70] Taylor, R., Chen, L., & Nguyen, P. (2021). Public-Private Partnerships in Combating Human Trafficking: Successes and Challenges. *International Journal of Human Rights*, 26(4), 567-589.
[71] Williams, S. (2022). Technological Innovations in Detecting and Preventing Human Trafficking. *Journal of Technology and Society*, 29(3), 310-328.

националните власти и граѓанското општество повикаа на посилна акција против трговијата со луѓе долж Западно-балканската миграциска рута. [72]

Обединетите нации, преку своите различни агенции, се исто така важни алатки во борбата против трговијата со луѓе. Тие обезбедуваат меѓународни правни инструменти и насоки за земјите членки, со цел хармонизирање на напорите и зголемување на ефикасноста во справувањето со истиот глобален проблем.

Европол, како агенција на Европската унија за спроведување на законот, има мандат да ја зајакне соработката меѓу полициските служби на земјите членки во борбата против сериозниот меѓународен криминал, вклучително и трговијата со луѓе. Според Пуцакоски, Европол спроведува операции за спречување на илегалната миграција и трговијата со луѓе, особено во регионот на Западен Балкан, каде што истите активности се особено изразени. [73]

Во рамките на своите активности, Европол организира заеднички акции со националните полициски служби, разменува информации и обезбедува аналитичка поддршка за поефикасно справување со криминалните мрежи. истата соработка овозможува подобро разбирање на трендовите и моделите на трговијата со луѓе, што е од важно значење за развој на ефективни стратегии за нејзино сузбивање.

Покрај тоа, ОБСЕ и Европол работат на зајакнување на капацитетите на националните институции преку обуки и техничка помош, со цел подобрување на идентификацијата на жртвите и гонењето на сторителите. истите напори се насочени кон создавање на сеопфатен и координиран одговор на трговијата со луѓе на меѓународно ниво.

1.5.3 Споредба на пристапите во различни држави (САД, ЕУ, Балканот)

Трговијата со луѓе претставува глобален предизвик кој бара координирани напори и стратегии на меѓународно ниво. Различни региони, како САД, Европската Унија (ЕУ) и Балканот, применуваат специфични пристапи во борбата против истиот

[72] ОБСЕ. (2016). ОБСЕ е домаќин на конференцијата за справување со трговијата со луѓе во Југоисточна Европа. Преземено од https://www.osce.org/mk/skopje/277591

[73] Пуцакоски, О. (2019). Улогата на Европол во спречување на трговија со луѓе и криумчарење мигранти во Западен Балкан. Магистерска теза. Скопје: Филозофски факултет. Преземено од http://hdl.handle.net/20.500.12188/1674

феномен, прилагодени на нивните правни системи, ресурси и социо-економски контексти.

Табела 2 Законски мерки и меѓународни документи против трговијата со луѓе и сродни дела

Држава	**Казнено дело**	**Законска одредба / Член**	**Година на донесување / измени**	**Казна / Мерки**	**Забелешки**
Шведска	Купување сексуални услуги	Закон од 1999	1999	Забрана за купување сексуални услуги	Клиентите се казнуваат, не лицата во проституција
	Трговија со луѓе	Чл. 4 и 6 од Кривични от законик	/	2-10 години затвор	Се третира како тешко delictum
Германија	Поттикнување на проституција	Чл. 180 КЗ	/	До 5 години затвор	Особено ако се работи за малолетни лица
	Трговија со луѓе	Чл. 234а КЗ	/	До 10 години	За случаи со организирани групи
	Национален акционен план	Федерална програма	2024	Превенција, заштита, казнување	Нов Акционен план за сите форми на трговија со луѓе
Полска	Трговија со луѓе	Чл. 253 КЗ	/	3-15 години	Казни се зголемуваат со тежина на делото
	Проституција	Чл. 204 КЗ	/	Зависно од околности	Посебни казни за присила или малолетни лица
Латвија	Трговија со луѓе	Законски измени	2002	3-12 години	Преод од администрати

					вна во кривична регулатива
Русија	Трговија со луѓе	Чл. 127.1 и 127.2 КЗ	2003	До 15 години затвор	Вклучува и финансиска казна и конфискација
Бугарија	Киднапирање	Чл. 142 КЗ	/	3-10 години (до 20 со отежнувачки)	Вклучува и сексуално насилство и смрт
С. Македонија	Трговија со луѓе	Чл. 418-а КЗ	2004 / измени 2022	4-20 години затвор	Усогласено со меѓународни стандарди
	Проституција и експлоатација	Чл. 191 и 191-а КЗ	/	Парични и затворски казни	Вклучува посредување, организирање, користење
	Државна компензација за жртви	Закон за компензација на жртви	2022	До 5.000 евра	Директна државна поддршка за жртви на трговија и насилство
Меѓународни	Трговија со луѓе	Протокол од Палермо	2000	Обврска за кривичноправна регулатива	50+ држави го ратификувале и ги адаптирале националните закони

Во Соединетите Американски Држави, годишниот Извештај за трговијата со луѓе обезбедува сеопфатна проценка на напорите за борба против трговијата со луѓе во 188 држави и територии, вклучително и САД. истиот извештај служи како алатка за оценка и подобрување на стратегиите за спречување, заштита и гонење поврзани со трговијата со луѓе.

Европската Унија, преку своите институции и програми, се фокусира на хармонизација на законодавствата на земјите членки и зајакнување на меѓународната соработка. Проектот "Спречување и борба против трговија со луѓе во Северна Македонија" е пример за таква иницијатива, имплементирана во рамките на

заедничката програма на Европската Унија и Советот на Европа "Horizontal Facility за Западен Балкан и Турција 2019 - 2022". [74]

На Балканот, земјите се соочуваат со специфични предизвици поврзани со трговијата со луѓе, вклучувајќи ја нивната улога како региони на потекло, транзит и дестинација за жртвите. Проектот "Балканот делува (против криминалот на трговија со луѓе) сега!" е регионална иницијатива финансирана од Европската Унија, која има за цел да ги зајакне напорите за спречување и борба против трговијата со луѓе во земјите од Западен Балкан. [75]

Северна Македонија, како дел од Балканот, презема конкретни мерки за справување со трговијата со луѓе. Според Извештајот за трговијата со луѓе за 2021 година, владата идентификувала седум жртви и продолжила со активности на органите на кривичен прогон, вклучително и истраги и осуди за трговија со деца за сексуална експлоатација. [76]

Покрај тоа, Северна Македонија учествува во одбележувањето на Европскиот ден за борба против трговијата со луѓе, што претставува потсетник за важноста на борбата против истиот криминал и потребата од усогласување со европските стандарди, особено со Конвенцијата на Советот на Европа за акција против трговијата со луѓе. [77]

Иако постојат разлики во пристапите меѓу САД, ЕУ и Балканот, сите истите региони препознаваат дека трговијата со луѓе е сложен проблем кој бара мултидимензионални стратегии, вклучувајќи превенција, заштита на жртвите и гонење на сторителите, како и меѓународна соработка за ефикасно справување со истиот глобален предизвик.

[74] Council of Europe. (n.d.). Preventing and combating human trafficking in North Macedonia. Преземено од https://www.coe.int/mk/web/skopje/preventing-and-combating-human-trafficking-in-north-macedonia

[75] Macedonian Young Lawyers Association. (n.d.). Анализа на законодавството и примената на Стандардните оперативни процедури за третман на жртвите на трговија со луѓе. Преземено од https://myla.org.mk/wp-content/uploads/pdf/Analiza_trgovija_MKD.pdf

[76] U.S. Embassy in North Macedonia. (2021). Извештај за трговијата со луѓе за 2021. Преземено од https://mk.usembassy.gov/mk/извештај-за-трговијата-со-луѓе-за-2021/

[77] Council of Europe. (2021). European Anti-Trafficking Day marked in the Western Balkans. Преземено од https://www.coe.int/mk/web/skopje/-/european-anti-trafficking-day-marked-in-the-western-balka-1

1.6 Релевантни теоретски истражувања

Во истата подточка ќе се обработат релевантните теоретски истражувања кои претставуваат основа за подлабоко разбирање на феноменот на трговијата со луѓе, со акцент на организираниот криминал и експлоатацијата на жените. Теоретската рамка е од неопходно значење за поставување на научно заснована анализа, интерпретација на податоците и формулирање на препораки. Истражувањата и концептите опфатени во истата целина се основа за развој на критички пристап кон проблемот и за идентификување на главните фактори кои го овозможуваат и одржуваат.

Првата подточка се фокусира на криминолошките пристапи кон организираниот криминал, каде ќе се разгледаат класични и современи теории како теоријата на рационален избор, теоријата за можности, анемичните теории (Durkheim, Merton), како и концептите за криминални мрежи. истите модели овозможуваат појаснување на структурираноста, мотивите и адаптацијата на криминалните групи во системи со слабости во владеењето на правото и контролните механизми.

Во втората подточка ќе биде разгледан феминистичкиот теоретски пристап, кој го става акцентот на родовата димензија на трговијата со луѓе. Ќе се опфатат радикалниот, либералниот и постструктуралистичкиот феминизам како објаснувачки рамки за експлоатацијата на жените, особено во контекст на сексуалната трговија. Според истите теории, жените не се само пасивни жртви, туку и последица на патријархалните структури и економската нееднаквост, што ја влошува нивната ранливост.

Третата подточка го обработува влијанието на социолошките и економските фактори што придонесуваат за порастот на трговијата со бело робје. Теориите на сиромаштија, нееднаквост, миграција и маргинализација објаснуваат како општествениот и економскиот контекст создава „погодни“ услови за регрутација на жртви и за делување на криминалните групи. Ќе се анализираат и концептите на структурен насилство и социјална исваженост.

Оваа теоретска основа ќе обезбеди интердисциплинарен пристап кон темата, кој ги вклучува правните, социолошките, психолошките и родовите аспекти. Ваквиот пристап е важен не само за научна прецизност, туку и за развој на ефикасни политики и практики.

На крајот, преку критичка анализа на истите истражувања и концепти, ќе се овозможи препознавање на празнините во постоечката литература и ќе се оправда потребата од ова истражување, кое има за цел да придонесе кон поголема научна и општествена свест за трговијата со луѓе и улогата на организираниот криминал.

1.6.1 Криминолошки пристапи кон организираниот криминал

Организираниот криминал претставува сложен феномен кој бара мултидисциплинарен пристап за негово разбирање и спречување. Криминологијата, како наука за криминалот, нуди различни теоретски рамки и методологии за анализа на истиот вид криминал.

Еден од пристапите во криминологијата е социолошкиот, кој го испитува влијанието на општествените структури и процеси врз појавата на организираниот криминал. Според истражувањата, фактори како што се социјалната нееднаквост, сиромаштијата и недостатокот на можности можат да придонесат за развој на криминални групи.[78]

Психолошкиот пристап се фокусира на индивидуалните карактеристики и мотивации на членовите на организираните криминални групи. истиот пристап ги анализира личните особини, вредности и психолошки профили на сторителите, со цел да се разбере нивното однесување и донесување одлуки.[79]

Економскиот пристап го разгледува организираниот криминал како резултат на економски фактори и рационални избори. истиот пристап сугерира дека поединците се вклучуваат во криминални активности врз основа на анализа на трошоците и придобивките, при што криминалот се гледа како алтернатива за остварување на економски цели. [80]

Криминолозите исто така ги истражуваат медиумите и нивната улога во перцепцијата и распространетоста на организираниот криминал. Медиумското известување може

[78] Mirić, F. (2014). Savremena shvatanja fenomenologije i etiologije maloletničke delinkvencije. Univerzitet u Nišu.
[79] Ilić, A. (2023). The analysis of some problems in achieving the rehabilitation purpose of punishment. *Journal of Criminology and Criminal Law*, 61, 93.
[80] Mojsoska, S., & Dujovski, N. (2017). Economic contribution in criminology: Economics of crime. Available at SSRN: https://ssrn.com/abstract=2894838

да влијае на јавното мислење и на политиките за справување со криминалот, што го прави истиот аспект значаен за сеопфатно разбирање на феноменот.[81]

Интердисциплинарните пристапи, кои комбинираат различни теории и методологии, се покажуваат како најефикасни во анализата на организираниот криминал. Интеграцијата на социолошки, психолошки и економски перспективи овозможува подлабоко разбирање и развој на поефикасни стратегии за превенција и борба против истиот вид криминал.

1.6.2 Феминистички теории за експлоатација на жените

Феминистичките теории за експлоатацијата на жените се развиле како одговор на историското потчинување и искористување на жените во различни општествени контексти. Радикалниот феминизам тврди дека патријархатот е основен извор на женската експлоатација, нагласувајќи дека општествените структури се дизајнирани да ги одржат мажите на позиции на моќ.[82] истиот пристап бара длабоки општествени промени за демонтирање на патријархалните системи и воспоставување на родова еднаквост.

Марксистичкиот феминизам ја анализира експлоатацијата на жените преку призма на класната борба и капиталистичкиот систем. истата теорија истакнува дека жените се експлоатирани како евтина работна сила и често се соочуваат со „двојна смена“ - платена работа и неплатена домашна работа.[83] Марксистичките феминистки нагласуваат дека вистинската еманципација на жените може да се постигне само преку трансформација на економските структури кои го одржуваат ова искористување.

Либералниот феминизам, од друга страна, се фокусира на индивидуалните права и еднакви можности, залагајќи се за правни реформи и политики кои ќе обезбедат еднаков пристап на жените до образование, вработување и политичко учество.[84]

[81] Ilić, A. (2017). *Mediji i kriminalitet-kriminološki aspekti*. Univerzitet u Beogradu-Pravni fakultet.
[82] Кениг, Н. (2016). Водечки принципи на феминистички ориентираните истражувања во општествените науки. *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 66, 613-625.
[83] Popovski, G. (2021). Феминистичко-епистемолошките погледи на Евелин Фокс Келер: родовата димензија на науката. Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“.
[84] Eftimov, I. V. (n.d.). Феминистките теории. Югозападен университет „Неофит Рилски“.

истиот пристап верува дека постепените промени во правниот и политичкиот систем можат да доведат до постигнување на родова еднаквост.

Постколонијалниот феминизам ја истражува експлоатацијата на жените во контекст на колонијализмот и неговото наследство, истакнувајќи дека искуствата на жените од различни културни и етнички позадини не се универзални. истата теорија ја критикува западноцентричната перспектива во феминизмот и повикува на вклучување на гласовите на жените од Глобалниот Југ во академскиот дискурс за родова еднаквост.[85]

Екофеминизмот ја поврзува експлоатацијата на жените со уништувањето на природата, тврдејќи дека и двете произлегуваат од доминантните патријархални и капиталистички системи.[86] Екофеминистките истакнуваат дека постои длабока врска меѓу потчинувањето на жените и деградацијата на животната средина, предлагајќи холистички пристапи кои ги адресираат и двата проблема.

Во современиот контекст, феминистичките теории продолжуваат да се развиваат, интегрирајќи интерсекционални пристапи кои ги земаат предвид преклопувањата на различни облици на потчинување, како што се расата, класата, сексуалната ориентација и способностите.[87] Истото овозможува подлабоко разбирање на комплексноста на експлоатацијата на жените и развој на поинклузивни стратегии за постигнување на родова правда.

1.6.3 Социолошки и економски фактори што придонесуваат за ширење на трговијата со бело робје

Трговијата со луѓе, позната и како трговија со бело робје, претставува комплексен глобален феномен поттикнат од различни социолошки и економски фактори. Разбирањето на истите фактори е важно за развој на ефикасни стратегии за спречување и борба против истата појава.

---

[85] Greelane.com. (2020). Што е феминистичка теорија? Преземено од https://www.greelane.com/mk/наука-технологија-математика/општествени-науки/feminist-theory-3026624

[86] Popovski, G. (2021). Феминистичко-епистемолошките погледи на Евелин Фокс Келер: родовата димензија на науката. Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“.

[87] Кениг, Н. (2016). Водечки принципи на феминистички ориентираните истражувања во општествените науки. *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, 66, 613-625.

Еден од главните социолошки фактори е социјалната исглавеност и маргинализацијата на одредени групи во општеството. Лицата кои се соочуваат со дискриминација, сиромаштија или недостаток на пристап до образование и вработување се поподложни на експлоатација од страна на трговците со луѓе.[88] истата ранливост ги прави лесна мета за манипулација и злоупотреба.

Од економска перспектива, високата стапка на невработеност и економската нестабилност во одредени региони создаваат услови во кои луѓето се подготвени да прифатат ризични понуди за работа, што често резултира со нивно вклучување во мрежи на трговија со луѓе.[89] Економската несигурност ги тера индивидуите да бараат подобри можности, дури и по цена на потенцијална експлоатација.

Глобализацијата и зголемената мобилност на населението исто така придонесуваат за ширење на трговијата со луѓе. Лесниот пристап до меѓународни патувања и комуникациски технологии овозможува на трговците со луѓе да оперираат преку граници и да регрутираат жртви од различни делови на светот.[90] истата транснационална димензија го комплицира напорот за сузбивање на истата појава.

Корупцијата и слабите институции во некои земји создаваат средина во која трговијата со луѓе може да процвета. Кога органите на редот и правдата не функционираат ефикасно, трговците со луѓе можат да дејствуваат неказнето, што дополнително ја засилува истата криминална активност.[91]

Културните норми и ставови кои ги потценуваат жените и девојчињата се исто така важни во трговијата со луѓе, особено во контекст на сексуалната експлоатација. Во општества каде што родовата нееднаквост е изразена, жените се соочуваат со поголем ризик од да бидат жртви на трговија со луѓе.[92]

---

[88] Bazić, J. (2017). Трендови промена у друштву и образовању које генерише четврта индустријска револуција. Социолошки преглед, 51(4), 526-546.

[89] Molnar, D. (2016). Regionalne nejednakosti i privredni rast: teorijska i empirijska analiza. Centar za izdavačku delatnost, Ekonomski fakultet u Beogradu.

[90] Janković, S. (2020). Social after pandemic distortion: Towards thinking in planetary terms. Социолошки преглед, 54(3), 1008-1038.

[91] Miladinovic, S. (2011). [Title not available]. Informatologia, 44(3).

[92] Pejić, S., Szpilko, D., & Winkowska, J. (2020). Could COVID-19 pandemic be a tool for managing global environmental crisis? Socio-ecological insight on what we have learned so far. Socio-economic Aspects of the Pandemic: Crisis Management, 250.

Побарувачката за евтина работна сила и комерцијални сексуални услуги во развиените земји создава пазар кој ги поттикнува трговците со луѓе да обезбедуваат "понуда" од помалку развиените региони. истата економска динамика ја одржува и проширува трговијата со луѓе на глобално ниво.[93]

Кога станува збор за трговија со деца и злоупотреба на деца може различните фактори ги класифицираме во 4 глави:

1) Push factors или фактори на притисок - фактори кои влијаат на трговијата со луѓе во пронаоѓањето на лица/жртви:

- лошата социо-економска состојба на семејствата,
- сиромаштија,
- чести природни катастрофи што доведува до виртуелна сиромаштија и безнадежност на семејствата и нивните деца,
- недостаток на образование,
- невработеност,
- родова дискриминација,
- дисфункционални семејства,
- семејно насилство,
- војна и воени конфликти.

2) Pull factors или фактори на повлекување - Побарувачката за евтина работна сила и за проституирани жени, девојки и момчиња е главен фактор на повлекување. Перспективите и светлата иднина која се нуди, односно фактори кои ги привлекуваат жртвите кон трговија со луѓе:

- лесни пари/брза заработувачка,

[93] Tmušić, M. (2017). Influence of quality of institutions on economic development and effects of privatization in Serbia.

- финансиска подршка на родителите,
- запознавање други луѓе, места, култури,
- поквалитетно образование,
- подобар социјален статус.

Заедничките фактори на притисок и повлекување експлоатирани од страна на трговците со луѓе вклучуваат:

- Невработеност и можности за работа во странство,
- Несреќна домашна ситуација: жртвата може да биде во навредлива ситуација, нивното семејство може да биде во долг или може да има зависник во семејството,
- Роднините и пријателите живеат во земјата на дестинација,
- Вратените мигранти, легални и нелегални, велат дека тие создале подобар живот за нив.

3) Неуспех на системот - И покрај различните национални и меѓународни закони и конвенции за борба против трговијата со деца, бројот на деца со кои се тргува во земјата и преку границите се зголемува секоја година. Неажурност на институциите, полициските службеници ,обвинители, судии, неспроведување и доцнење на правото, непреземањето на истраги, гонење и осудување, изрекување на поблаги казни и слично.

4) Компетитивност на пазарот и глобализација - Со цел да се преживее во ерата на конкуренцијата, побарувачката за евтина работна сила се зголеми насекаде. Традиционалните економски активности како: агрокултурата и земјоделството, индустријата со памук, работа со прастари, векови ракотворби...,сериозно се погодени во денешната ера на глобализација поради што децата и семејствата се подложни на трговија со луѓе. Со зголемената побарувачка на сексуалниот туризам е зголемена и побарувачката за млади момчиња и девојчиња, а со тоа и бројот на деца кои се тргувани и експлоатирани физички, ментално и сексуално.

2 МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во ова второ поглавје се разработува начинот на кој е конципирано и спроведено истражувањето со цел да се добијат релевантни, проверливи и научно засновани сознанија за феноменот на трговијата со бело робје во контекст на организираниот криминал.

Во првата подточка ќе бидат претставени целите и хипотезите на истражувањето. Следната точка е посветена на методите и техниките на истражување, кои ќе опфатат комбинација од квалитативна и квантитативна анализа. Ќе се користат техники како анализа на содржина, тематска анализа на законски текстови и судски пресуди, како и статистичка обработка на податоци поврзани со жртвите и сторителите на кривичните дела поврзани со трговија со луѓе. Во третата точка ќе се разгледаат изворите на податоци кои ќе бидат користени при истражувањето, со прецизирање на критериумите според кои се избрани. Овде спаѓаат извештаи од национални и меѓународни институции (како ГРЕТА, ЕУРОПОЛ, ОН), пресуди од судска практика во Северна Македонија и други земји, како и релевантна научна литература објавена во академски списанија, трудови и студии. Последната подточка ќе понуди преглед на очекуваните резултати и нивната научна оправданост, преку кои ќе се објасни како истражувањето ќе придонесе кон продлабочување на разбирањето за начинот на функционирање на организираните криминални групи, како и за слабостите и можностите на постојните механизми за заштита на жртвите.

Овој методолошки дел претставува основа за анализа и интерпретација на наодите што ќе следат во наредните поглавја, со што се гарантира кохерентноста помеѓу теоретскиот и практичниот дел од магистерската работа.

2.1 Цели и хипотези на истражувањето

2.1.1 Главна цел: Анализа на феноменот на трговијата со бело робје во контекст на организираниот криминал

Трговијата со бело робје претставува еден од најсериозните облици на организиран криминал во современото општество. истата криминална активност вклучува нелегално регрутирање, транспорт, трансфер и експлоатација на луѓе, најчесто жени и деца, со цел сексуална експлоатација, принудна работа или други форми на злоупотреба.[94] Како глобален феномен, трговијата со луѓе е поттикната од економски, социјални и политички фактори, како што се:

- сиромаштијата,
- недостатокот на можности за вработување и
- вооружените конфликти.

Организираниот криминал функционира преку добро воспоставени мрежи кои се занимаваат со различни криминални активности, вклучувајќи шверц на дрога, оружје и луѓе. Во истиот контекст, трговијата со бело робје е особено профитабилна поради ниските ризик од откривање и високата побарувачка за жртви во нелегалните индустрии. Групите кои се занимаваат со истиот вид криминал често користат корупција и злоупотреба на легални механизми за да го олеснат своето делување и да избегнат кривична одговорност.

Една од главните стратегии на организираните криминални групи е користењето на современи комуникациски технологии за регрутација и експлоатација на жртвите.

Глобализацијата и дигитализацијата создаваат плодна почва за формирање на криминални групи за трговија со луѓе, обезбедувајќи супер-профит со помали финансиски и физички трошоци. Современите трговци со робови користат дигитални технологии за регрутирање, контрола и експлоатација на нивните жртви. Интернетот, особено феноменот *Darknet*, им е на услуга да сокријат материјали поврзани со

[94] Gallagher, A. (2017). *The International Law of Human Trafficking*. Cambridge University Press.

нивните криминални активности и вистинските идентитети на криминалците. Незаконските приходи од истиот профитабилен бизнис се канализираат преку криптовалути, што го олеснува добивањето, сокривањето и преместувањето на големи суми пари. Денес, Интернетот овозможува лесен пристап до многу поголема група потенцијални жртви со елиминирање на традиционалните физички и географски ограничувања.

Меѓународната регулаторна рамка за борба против трговијата со луѓе што е развиена до денес не се прилагодува на променливата реалност на современото општество. Протоколите и актите не ги одразуваат сите постоечки видови на ова delictum, кои поради дигитализацијата добиваат сè пософистицирани формати.

Социјалните мрежи и интернет платформите често се користат за измамничко регрутирање, при што жртвите се доведуваат во ситуации на присилна зависност од трговците.[95] Дополнително, криптовалутите и анонимните финансиски трансакции им овозможуваат на истите групи да ги прикријат своите финансиски текови и да избегнат откривање од страна на властите.

Според податоците на Обединетите нации, трговијата со луѓе најчесто се одвива преку транснационални мрежи кои ги поврзуваат земјите на потекло, транзит и дестинација.[96] истите мрежи често користат корумпирани службеници за да го олеснат транспортот на жртвите низ границите, користејќи фалсификувани документи или нелегални патишта. истиот облик на криминал претставува сериозен безбедносен предизвик за државите и бара координирани меѓународни напори за негово спречување.

Правните рамки за борба против трговијата со луѓе и организираниот криминал постојано се унапредуваат, но сепак постојат значителни предизвици во нивната имплементација. Проблемите како недоволна соработка меѓу државите, недостиг на ресурси за спроведување на истраги и ниска стапка на осудителни пресуди ја намалуваат ефикасноста на мерките за сузбивање на истиот феномен.[97] Потребни се

[95] Europol. (2021). *Trafficking in Human Beings in the EU: A Threat Assessment*. European Union Agency for Law Enforcement Cooperation.
[96] UNODC. (2020). Global report on trafficking in persons 2020. United Nations Office on Drugs and Crime. Преземено од https://www.unodc.org/documents/data-and-analysis/tip/2021/GLOTiP_2020_15jan_web.pdf
[97] Cockayne, J. (2019). *Hidden Power: The Strategic Logic of Organized Crime*. Oxford University Press.

поинтензивни мултилатерални договори и подобрување на механизмите за заштита на жртвите.

На крајот, борбата против трговијата со бело робје мора да вклучува сеопфатен пристап кој ги опфаќа не само кривичните мерки, туку и економските и социјалните стратегии за намалување на ризиците за потенцијалните жртви. Зајакнувањето на правните механизми, подобрувањето на образованието и креирањето на можности за ранливите групи се главни чекори во спречувањето на истата појава.[98] Само преку мултидимензионален пристап може да се намали влијанието на организираниот криминал и да се заштитат потенцијалните жртви.

2.1.2 Хипотези за влијанието на социо-економските фактори врз жртвите

Трговијата со луѓе, особено трговијата со бело робје, е тесно поврзана со различни социо-економски фактори кои влијаат врз ранливоста на жртвите. Основната хипотеза во ова истражување е дека сиромаштијата, невработеноста и недостатокот на образование се главните фактори кои ја зголемуваат веројатноста од виктимизација. Според истражувањата на UNODC луѓето кои живеат во екстремна сиромаштија имаат поголема веројатност да бидат изложени на експлоатација, бидејќи често прифаќаат ризични работни понуди или стануваат жртви на измами.[99]

Втората хипотеза се однесува на влијанието на родовите нееднаквости врз ризикот од трговија со луѓе. Жените и девојчињата се почесто цел на трговија со бело робје, особено заради сексуална експлоатација. Недостатокот на еднакви можности за вработување и финансиска независност ги прави жените поподложни на манипулација и присилна проституција. Истражувањата покажуваат дека во земјите каде што жените имаат ограничен пристап до економски ресурси, ризикот од трговија со луѓе е значително повисок.[100]

Третата хипотеза разгледува како вооружените конфликти и нестабилните политички состојби влијаат врз зголемената изложеност на жртвите на трговија со луѓе. Според

[98] Kara, S. (2017). *Modern Slavery: A Global Perspective*. Columbia University Press.
[99] UNODC. (2020). Global report on trafficking in persons 2020. United Nations Office on Drugs and Crime. Преземено од https://www.unodc.org/documents/data-and-analysis/tip/2021/GLOTiP_2020_15jan_web.pdf
[100] Kara, S. (2017). Sex trafficking: Inside the business of modern slavery. Columbia University Press.

податоците на Europol бегалците и мигрантите кои бегаат од војни и кризи честопати стануваат мета на криминални групи кои се занимаваат со трговија со бело робје.[101] истите луѓе, без правна заштита и без финансиски ресурси, стануваат лесна мета за експлоатација.

Четвртата хипотеза ја анализира поврзаноста помеѓу недостигот на законска заштита и зголемената виктимизација. Земјите со слаби правни механизми и корумпирани институции имаат поголем број жртви на трговија со луѓе.[102] Државите каде што законодавството за борба против трговијата со луѓе не е доволно строго или не се спроведува ефективно, овозможуваат криминалните мрежи да дејствуваат неказнето.

Петтата хипотеза се фокусира на улогата на глобализацијата и дигиталните технологии во олеснување на трговијата со бело робје. Современите технологии, особено интернетот и социјалните мрежи, се користат за регрутација и манипулација на жртвите.[103] Преку лажни работни понуди и измамнички кампањи, криминалните групи привлекуваат ранливи лица и ги стават во состојба на експлоатација.

Шестата хипотеза ја испитува корелацијата меѓу ниската едукација и зголемената изложеност на ризик од трговија со луѓе. Истражувањата покажуваат дека лицата со понизок степен на образование имаат помала свесност за ризиците и се полесна мета на измамнички понуди за работа во странство.[104] Подигнувањето на свеста и едукацијата се главни во спречувањето на истата криминална активност.

2.1.3 Очекувани резултати во однос на заштитните механизми и правните рамки

Во рамките на ова истражување, се очекува да се идентификуваат ефективните механизми за заштита на жртвите на трговијата со луѓе, како и да се анализираат правните рамки кои можат да придонесат кон нивна подобра заштита. Првиот очекуван резултат е утврдување на значењето на специјализираните програми за рехабилитација и реинтеграција на жртвите. Истражувањата покажуваат дека

[101] Europol. (2021). *Trafficking in Human Beings in the EU: A Threat Assessment*. European Union Agency for Law Enforcement Cooperation.
[102] Gallagher, A. (2017). *The International Law of Human Trafficking*. Cambridge University Press.
[103] Cockayne, J. (2019). *Hidden Power: The Strategic Logic of Organized Crime*. Oxford University Press.
[104] UNODC. (2020). Global report on trafficking in persons 2020. United Nations Office on Drugs and Crime. Преземено од https://www.unodc.org/documents/data-and-analysis/tip/2021/GLOTiP_2020_15jan_web.pdf

програмите кои обезбедуваат психосоцијална поддршка, правна помош и економски можности значително го намалуваат ризикот од повторна виктимизација.[105]

Вториот очекуван резултат е анализата на националните правни рамки и нивната усогласеност со меѓународните стандарди. Според податоците на UNODC државите кои доследно ја применуваат Палермската конвенција и поврзаните протоколи имаат поефикасни механизми за идентификација и заштита на жртвите.[106] Очекуваната анализа треба да покаже до кој степен националните законодавства ја гарантираат заштитата на основните човекови права на жртвите на трговијата со луѓе.

Третиот очекуван резултат е истражување на улогата на меѓународните организации како ОБСЕ, ОН и Европол во зајакнувањето на заштитните механизми. Податоците покажуваат дека мултилатералната соработка меѓу државите и организациите доведува до подобро идентификување на жртвите и спречување на нивната експлоатација.[107]

Четвртиот очекуван резултат е проценка на ефикасноста на програмите за превенција, особено во однос на едукацијата и информирањето на ризичните групи. Истражувањата укажуваат дека кампањите за подигање на свеста, спроведени преку образовни институции и медиуми, значително ја намалуваат ранливоста на потенцијалните жртви.[108]

Петтиот очекуван резултат се однесува на влијанието на економските политики врз намалувањето на трговијата со луѓе. Анализата треба да покаже дека зголемувањето на можностите за легитимно вработување и економски развој директно го намалува ризикот од вклучување во трговијата со луѓе.

Шестиот очекуван резултат е идентификација на правните недостатоци кои овозможуваат неказнивост на сторителите. Се очекува истражувањето да покаже дека во земјите со високо ниво на корупција и недоволно спроведување на законите,

[105] Gallagher, A. (2017). *The International Law of Human Trafficking*. Cambridge University Press.
[106] UNODC. (2020). Global report on trafficking in persons 2020. United Nations Office on Drugs and Crime. Преземено од https://www.unodc.org/documents/data-and-analysis/tip/2021/GLOTiP_2020_15jan_web.pdf
[107] Europol. (2021). *Trafficking in Human Beings in the EU: A Threat Assessment*. European Union Agency for Law Enforcement Cooperation.
[108] Shelley, L. (2010). *Human Trafficking: A Global Perspective*. Cambridge University Press.

криминалните мрежи полесно функционираат, што бара посилни реформи во правниот систем.[109]

2.2 Методи и техники на истражување

2.2.1 Квалитативна анализа на законодавните рамки и судските пресуди

Квалитативната анализа на законодавните рамки и судските пресуди е неопходно метод во истражувањето на ефективноста на правните механизми во справувањето со трговијата со луѓе. Преку истата анализа, се испитува содржината, интерпретацијата и примената на законите кои се однесуваат на истата криминална појава. Главниот фокус е насочен кон националните и меѓународните правни документи, како и кон пресуди кои ја дефинираат и санкционираат трговијата со луѓе.

Една од главните цели на истата анализа е да се идентификуваат недостатоците во постојните решенија и нивната примена во пракса. Преку анализа Протоколот од Палермо (2000) и Конвенцијата на Советот на Европа за борба против трговијата со луѓе (2005) се утврдуваат нивните импликации врз националните законодавства и нивната усогласеност со меѓународните стандарди.

Покрај таа анализа, истата метода вклучува и детално испитување на судските пресуди, кои претставуваат индикатор за начинот на кој судиите и правните институции ги интерпретираат и применуваат законите. Ова опфаќа анализа на пресуди од национални и меѓународни судови, при што се испитува како судовите ги дефинираат поимите „трговија со луѓе“, „присилна работа“ и „експлоатација“.

Дополнително, се анализираат факторите кои влијаат врз донесувањето на пресудите, како што се

- тежината на доказите,
- сведочењата на жртвите и

[109] Cockayne, J. (2019). *Hidden Power: The Strategic Logic of Organized Crime*. Oxford University Press.

- ефективноста на истражните органи.

Анализата на истите елементи овозможува да се идентификуваат слабостите во судскиот систем и да се предложат подобрувања за зголемување на ефективноста во гонењето на сторителите.

Квалитативната анализа на судските пресуди исто така ги вклучува и казнените политики кои се применуваат во различни држави. Ова овозможува компаративна анализа на казните изречени во различни правни системи, при што се утврдува дали постојат значителни разлики во санкциите и дали тие се доволно строги за да имаат одвраќачки ефект врз потенцијалните сторители.

Оваа анализа претставува основа за формулирање на препораки за подобрување на законодавството и судската пракса. Врз основа на идентификуваните недостатоци, може да се предложат измени во законите, подобрување на механизмите за заштита на жртвите и зголемување на ефикасноста на истражните и судските органи во процесирањето на случаи поврзани со трговијата со луѓе.

2.2.2 Квантитативна анализа на статистички податоци за жртви и сторители

Квантитативната анализа на статистички податоци за жртви и сторители овозможува подобро разбирање на распространетоста, динамиката и тенденциите во трговијата со бело робје. Со обработка на официјални податоци од институции како што се Обединетите нации, Европол, Интерпол и националните агенции за борба против трговијата со луѓе, може да се утврдат трендовите и факторите што придонесуваат за истиот облик на организиран криминал.

Првиот чекор во квантитативната анализа вклучува обработка на податоци за бројот на идентификувани жртви на трговија со луѓе во различни земји. Според извештаите на UNODC, бројот на регистрирани жртви варира значително во зависност од регулативите и капацитетот на институциите за идентификација и заштита на жртвите. Ваквите податоци помагаат во мапирање на најпогодените региони и откривање на потенцијални корелации меѓу социо-економските услови и ранливоста на жртвите.

Вториот аспект на анализата се однесува на демографските карактеристики на жртвите, како што се

- пол,
- возраст,
- националност и социо-економски статус.

Истражувањата покажуваат дека жените и малолетните лица претставуваат најголем дел од жртвите на сексуална експлоатација, додека мажите почесто се жртви на присилна работна експлоатација. истите податоци се од важно значење за формулирање на политики насочени кон заштита на најранливите категории граѓани.

Третиот елемент во квантитативната анализа ги вклучува податоците за сторителите на трговија со луѓе. Анализата на судските пресуди и кривичните досиеја покажува дека сторителите најчесто се дел од организирани криминални мрежи со транснационален карактер. Според статистичките извештаи на Европол, поголемиот дел од истите мрежи користат дигитални алатки за регрутација на жртви и перење на нелегално стекнати финансиски средства.

Освен тоа, квантитативната анализа се фокусира и на стапката на казнивост и пресудите за кривичните дела поврзани со трговијата со луѓе. Според извештаите на меѓународните организации, стапката на казнивост за истите дела е релативно ниска, што укажува на потребата за посилни институционални механизми и меѓународна соработка во справувањето со истата криминална активност.

Последниот аспект на анализата се однесува на идентификација на трендовите во трговијата со луѓе врз основа на податоците собрани во последните години. Со употреба на квантитативни методи како што се регресиски анализи и предиктивни модели, можно е да се утврди како различните фактори, како што се економските кризи или вооружените конфликти, влијаат врз зголемувањето на бројот на жртви. Ваквиот пристап овозможува формулирање на ефективни превентивни мерки и подобрување на националните и меѓународните политики за борба против трговијата со луѓе.

2.3 Извор на податоци и критериуми за нивен избор

2.3.1 Национални и меѓународни извештаи за трговијата со луѓе

Националните и меѓународните извештаи за трговијата со луѓе претставуваат главен извор на податоци за анализирање на размерите, трендовите и предизвиците поврзани со истиот феномен. истите извештаи обично се изработуваат од владини институции, невладини организации (НВО) и меѓународни тела како што се:

- Обединетите нации (ОН),
- Европол и
- Интерпол.

На пример, Global Report on Trafficking in Persons на Канцеларијата на Обединетите нации за дрога и криминал (UNODC) редовно обезбедува детален преглед на глобалните трендови, идентификувајќи ги главните извори, транзитни и дестинациски земји на жртвите.[110]

Во рамките на националните извештаи, посебно значење имаат годишните извештаи изготвени од националните комисии за борба против трговијата со луѓе. истите извештаи вклучуваат податоци за бројот на идентификувани жртви, профилот на сторителите, како и ефикасноста на правните и институционалните мерки во дадената држава. Пример за тоа е извештајот на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија, кој ги сумира активностите за спречување и гонење на трговијата со луѓе во земјата.[111]

Американскиот Trafficking in Persons Report (TIP Report), кој се објавува од страна на Стејт департментот на САД, претставува еден од најдеталните извори на податоци за состојбата со трговијата со луѓе во различни земји. истиот извештај користи рангирачки систем за оценување на напорите на владите во борбата против трговијата

[110] UNODC. (2022). *Global Report on Trafficking in Persons 2022*. United Nations Office on Drugs and Crime.
[111] Министерство за внатрешни работи на РСМ. (2023). Годишен извештај за трговија со луѓе во Северна Македонија. Скопје.

со луѓе, при што земјите се класифицирани во три нивоа според нивниот ангажман во борбата против истиот криминал.[112]

Европската унија, преку агенции како што е Европол, исто така објавува извештаи за состојбата со трговијата со луѓе во Европа. EU Serious and Organised Crime Threat Assessment *(SOCTA)*, кој се издава од Европол, нуди аналитички податоци за главните организирани криминални мрежи, нивните методи и трендови во различни земји-членки на ЕУ.[113]

Покрај официјалните институции, невладините организации како што се Walk Free Foundation и International Organization for Migration (IOM), исто така обезбедуваат значајни податоци и анализи. Global Slavery Index, кој го објавува Walk Free Foundation, нуди податоци за распространетоста на современото ропство, вклучително и трговијата со луѓе, по региони и земји.[114]

Користењето на истите национални и меѓународни извештаи е неопходно за да се добие целосна слика за трговијата со луѓе, да се идентификуваат критичните точки во заштитата на жртвите и да се предложат соодветни реформи во правниот и институционалниот систем. Анализата на ваквите извештаи овозможува споредување на различни пристапи и идентификување на најефикасните стратегии за справување со истиот глобален криминален феномен.

2.3.2 Судска пракса и пресуди за случаи на организиран криминал

Анализата на судската пракса и пресудите за случаи на организиран криминал е главна за разбирање на ефективноста на правниот систем во справување со истата појава. Во многу земји, судските одлуки претставуваат значаен извор на податоци за механизмите на гонење и санкционирање на сторителите. Во Република Северна Македонија, Кривичниот законик содржи одредби што се однесуваат на

[112] U.S. Department of State. (2023). *Trafficking in Persons Report*. Washington, D.C.: U.S. Department of State. Преземено од https://editorials.voa.gov/a/trends-in-trafficking/7735999.html
[113] Europol. (2021). *EU Serious and Organised Crime Threat Assessment (SOCTA)*. European Union Agency for Law Enforcement Cooperation.
[114] Walk Free. (2022). *Global Slavery Index 2022*. Walk Free Foundation.

организираниот криминал, вклучително и членови поврзани со трговија со луѓе, перење пари и корупција.[115]

Во последните години, македонските судови донеле неколку значајни пресуди во случаи на трговија со луѓе и други форми на организиран криминал. На пример, Апелациониот суд Скопје во повеќе наврати потврдувал строги казни за организаторите на криминални групи вклучени во нелегални активности. Судската пракса покажува дека најчестиот проблем во истите случаи е обезбедувањето на цврсти докази и заштитата на сведоците, што честопати доведува до продолжени судски постапки и отежнато изрекување пресуди.[116]

На меѓународно ниво, Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) има донесено значајни пресуди поврзани со трговијата со луѓе и организираниот криминал. На пример, во случајот Rantsev v. Cyprus and Russia (2010), ЕСЧП утврди дека државите имаат обврска да преземат активни мерки за заштита на жртвите на трговија со луѓе, како и да осигурат ефикасни истраги и кривични постапки.[117] истата пресуда има влијание врз националните судови, вклучително и во Северна Македонија, кои сè повеќе ги засилуваат механизмите за заштита на жртвите во ваквите случаи.

Еден од најголемите предизвици во судската пракса во Македонија е идентификувањето и гонењето на корупцијата во рамките на организираните криминални мрежи. Во некои случаи, судовите се соочуваат со притисоци и обиди за влијание врз процесите. Анализите на пресудите покажуваат дека корупцијата може да доведе до поблаги казни или до ослободување на обвинетите поради недостаток на докази.[118]

Истражувањата покажуваат дека судската пракса во однос на организираниот криминал и трговијата со луѓе варира во зависност од ефикасноста на институциите и степенот на владеење на правото. Во земјите со силни правни механизми, како што се Германија или Холандија, судските процеси се поефикасни, а казните поригорозни.

[115] Кривичен законик на РСМ. (2023). *Службен весник на Република Северна Македонија*.
[116] Апелационен суд Скопје. (2022). *Преглед на судски пресуди за организиран криминал и корупција*.
[117] European Court of Human Rights. (2010). *Rantsev v. Cyprus and Russia*. Strasbourg.
[118] Transparency International. (2023). *Corruption Perceptions Index 2023*.

Во споредба со нив, во земји како Северна Македонија, судските постапки траат подолго, а процентот на осудителни пресуди е понизок.[119]

Во иднина, подобрувањето на судската пракса во Македонија би можело да се постигне преку зајакнување на институционалната соработка, зголемување на заштитата на сведоците и воведување на специјализирани судски оддели за организиран криминал. Досегашните пресуди покажуваат дека ефективното спроведување на законите зависи од соработката помеѓу полицијата, обвинителството и судството, како и од политичката волја за борба против криминалните структури.

2.3.3 Академски истражувања и публикации поврзани со темата

Академските истражувања и публикации поврзани со трговијата со луѓе и организираниот криминал претставуваат важен извор на податоци за анализирање на правните рамки, трендовите и механизмите за заштита на жртвите. Во меѓународната академска литература, трговијата со луѓе се разгледува од повеќе перспективи - криминолошка, социолошка, правна и економска.[120] Истражувањата покажуваат дека економската нестабилност, корупцијата и недоволната меѓународна соработка се главни фактори кои ја олеснуваат трговијата со луѓе.[121]

Во Северна Македонија, академската заедница во последните години покажува сè поголем интерес за истата проблематика. Истражувањата на македонските правни експерти и криминолози често се фокусираат на анализа на Кривичниот законик и Законот за кривична постапка во контекст на борбата против организираниот криминал. Според истражувањето на Стојковска[122], иако законодавството е усогласено со меѓународните стандарди, неговата примена останува предизвик поради недоволна институционална координација и ограничени ресурси.

Дополнително, македонските академски публикации често прават споредби со законодавствата на Европската Унија и земјите од регионот. Според Јовановски

[119] Europol. (2021). *EU Serious and Organised Crime Threat Assessment (SOCTA)*. European Union Agency for Law Enforcement Cooperation.
[120] Shelley, L. (2010). *Human Trafficking: A Global Perspective*. Cambridge University Press.
[121] Gallagher, A. (2017). *The International Law of Human Trafficking*. Cambridge University Press.
[122] Стојковска, А. (2021). *Кривично-правни аспекти на трговијата со луѓе во Северна Македонија*. Универзитет „Гоце Делчев“.

пристапот кон борбата против трговијата со луѓе во Северна Македонија се потпира на меѓународните конвенции, како што е Палермскиот протокол, но недостасува практична имплементација и систематска проценка на политиките.[123] Ова ја истакнува потребата од поголема транспарентност и отчетност во судските постапки.

Некои академски трудови ги анализираат и предизвиците поврзани со заштитата на жртвите. Иако постојат формални механизми за заштита, како што се специјализираните засолништа и програми за рехабилитација, нивната примена е ограничена. Причините за ова се недостигот на финансиски средства, но и ниската свест во јавноста за истата проблематика. Ова истражување укажува на потребата од поголема соработка меѓу државните институции и невладините организации.

Во меѓународниот контекст, академските студии покажуваат дека успешните модели за борба против трговијата со луѓе вклучуваат мултидисциплинарен пристап, што значи дека ефикасните правни рамки треба да бидат поддржани со економски и социјални реформи.[124] Истражувањата исто така сугерираат дека земјите со поефикасни програми за подигнување на свеста и за едукација на ризичните групи имаат пониски стапки на виктимизација.

Во иднина, академските истражувања во Македонија би можеле да се насочат кон подетална анализа на судските пресуди и нивното влијание врз борбата против организираниот криминал. Покрај тоа, според најновите истражувања, неопходно е поголемо вклучување на универзитетите во креирањето на политики и нивното следење преку научни анализи.[125]

[123] Јовановски, Д. (2022). *Усогласеност на македонското законодавство со европските стандарди за борба против трговијата со луѓе*. Правен факултет, Универзитет „Св. Климент Охридски“.
[124] Kara, S. (2017). Sex trafficking: Inside the business of modern slavery. Columbia University Press.
[125] Europol. (2021). *EU Serious and Organised Crime Threat Assessment (SOCTA)*. European Union Agency for Law Enforcement Cooperation.

2.4 Очекувани резултати и нивна научна оправданост

2.4.1 Разјаснување на улогата на организираните криминални групи во трговијата со бело робје

Организираните криминални групи се во најмала рака „главните актери“ во трговијата со бело робје, користејќи сложени мрежи и стратегии за регрутација, транспорт и експлоатација на жртвите. Според UNODC истите групи функционираат на меѓународно ниво, често со поддршка на корумпирани службеници, што ја отежнува борбата против истиот вид криминал.[126] Основната цел на истите групи е да остварат профит преку експлоатација, користејќи насилство, закани и измама за да ги контролираат жртвите.

Методите на регрутација што ги користат криминалните групи постојано се менуваат за да одговорат на новите услови и технологии. Истражувањата покажуваат дека социјалните мрежи сè почесто се користат како алатка за манипулација на потенцијалните жртви.[127] Преку лажни работни понуди, измамнички агенции и насилна коерција, криминалните организации ги вовлекуваат луѓето во системот на трговија со луѓе. истите групи ги користат економските и социјалните слабости на жртвите, вклучително сиромаштијата, невработеноста и недостатокот на образование, за да ги натераат да прифатат ризични понуди.

Логистиката на трговијата со бело робје е комплексна и вклучува добро организирани транспортни канали и безбедни засолништа за жртвите пред нивната конечна продажба и експлоатација. Криминалните мрежи користат фалсификувани документи и корумпирани гранични службеници за да ги транспортираат жртвите преку меѓународни граници. Во некои случаи, криминалните организации имаат свои претставници во земјите-дестинации, кои се одговорни за дистрибуцијата и контролата на жртвите.

Финансиската добивка од трговијата со бело робје е една од главните причини зошто организираните криминални групи продолжуваат со истата нелегална активност.

[126] UNODC. (2020). Global report on trafficking in persons 2020. United Nations Office on Drugs and Crime. Преземено од https://www.unodc.org/documents/data-and-analysis/tip/2021/GLOTiP_2020_15jan_web.pdf
[127] Cockayne, J. (2019). *Hidden Power: The Strategic Logic of Organized Crime*. Oxford University Press.

Според проценките на Global Financial Integrity глобалната трговија со луѓе генерира милијарди долари годишно, што ја прави една од најпрофитабилните криминални дејности.[128] Парите заработени од истиот вид криминал често се перат преку фиктивни компании, инвестиции во недвижнини или преку криптовалути, што дополнително го усложнува нивното следење од страна на властите.

Правните механизми за справување со организираните криминални групи што се занимаваат со трговија со луѓе се развиени, но нивната ефикасност варира во зависност од државата. Според Gallagher постојат меѓународни конвенции и законодавни мерки, како што е Палермскиот протокол, кои имаат за цел да ја зајакнат глобалната соработка во борбата против истата појава.[129] Сепак, многу земји, особено оние со слаби институции и висока корупција, не успеваат ефективно да ги спроведат истите мерки.

Очекуваните резултати од анализата на улогата на организираните криминални групи во трговијата со бело робје се насочени кон идентификување на најефикасните стратегии за спречување и разоткривање на истите криминални структури. Истражувањата укажуваат на тоа дека успешните модели вклучуваат комбинација на правни реформи, засилена меѓународна соработка и подобрување на заштитните механизми за жртвите.[130] Покрај тоа, зголемувањето на јавната свест за методите што ги користат криминалните мрежи може значително да ја намали нивната способност за регрутација на нови жртви.

2.4.2 Анализа на ефективноста на постојните механизми за заштита на жртвите

Еден од главните аспекти на борбата против трговијата со бело робје е заштитата и рехабилитацијата на жртвите. Различни меѓународни и национални механизми се воспоставени со цел да обезбедат безбедност, правна помош и психосоцијална поддршка за преживеаните. Според извештајот на UNODC главните заштитни механизми вклучуваат специјализирани засолништа, програми за

[128] Global Financial Integrity. (2021). *Transnational Crime and Money Laundering: A Global Perspective*. Washington, D.C.
[129] Gallagher, A. (2017). *The International Law of Human Trafficking*. Cambridge University Press.
[130] Kara, S. (2017). Sex trafficking: Inside the business of modern slavery. Columbia University Press.

ресоцијализација и правна поддршка за жртвите.[131] Сепак, нивната ефективност варира значително помеѓу различните земји, зависно од ресурсите, институционалната капацитетност и политичката волја.

На национално ниво, законодавните рамки имаат пресудна улога во одредувањето на степенот на заштита што им се нуди на жртвите. Сепак, спроведувањето на истите мерки е често нецелосно поради недостиг на финансиски средства и недостаток на обука кај надлежните институции.

Психолошката и социјалната поддршка се главни за рехабилитација на жртвите, но истражувањата покажуваат дека постои недостаток на одржливи програми за нивна реинтеграција во општеството. Kara наведува дека жртвите на трговија со луѓе често се соочуваат со стигматизација и правни пречки при повторно вклучување на пазарот на трудот.[132] Ова укажува на потребата од подобри програми за ресоцијализација, вклучително образование, работна обука и психолошка поддршка.

Меѓународните механизми, како што се оние пропишани со Палермскиот протокол, нудат стандарди за заштита на жртвите, но нивната имплементација останува предизвик. Недостатокот на соработка меѓу земјите-членки на ЕУ и трети земји создава празнини во заштитата, особено за жртвите што се транспортирани преку повеќе граници. Ефикасната борба против трговијата со бело робје бара поефикасна координација меѓу различните актери, вклучувајќи влади, невладини организации и меѓународни тела.

Проблемот со идентификацијата на жртвите претставува уште еден сериозен предизвик. Многу жртви избегнуваат да контактираат со властите поради страв од репресија или депортација, особено доколку се мигранти без документи.[133] Ова сугерира дека правните рамки треба да се дополнат со доверливи механизми за пријавување и подобри процедури за идентификација на жртвите.

Така, анализата на ефективноста на постојните механизми за заштита на жртвите ни покажува дека иако постојат меѓународни и национални рамки, нивната примена е

[131] UNODC. (2020). Global report on trafficking in persons 2020. United Nations Office on Drugs and Crime. Преземено од https://www.unodc.org/documents/data-and-analysis/tip/2021/GLOTiP_2020_15jan_web.pdf
[132] Kara, S. (2017). *Modern Slavery: A Global Perspective*. Columbia University Press.
[133] Gallagher, A. (2017). *The International Law of Human Trafficking*. Cambridge University Press.

често недоволна. Според Cockayne потребни се системски реформи што вклучуваат подобрување на институционалната координација, зголемени ресурси за жртвите и засилена правна заштита.[134] Само преку мултидисциплинарен пристап и постојано прилагодување на мерките може да се гарантира ефикасна заштита и рехабилитација на жртвите на трговијата со бело робје.

2.4.3 Предлози за подобрување на превентивните и репресивните мерки

Ефикасната борба против трговијата со бело робје бара системски и сеопфатен пристап кој ги комбинира превентивните и репресивните мерки. Една од главните препораки е зголемувањето на јавната свест преку едукативни кампањи насочени кон ранливите групи. Според истражувањата на UNODC недостатокот на информации за ризиците од трговијата со луѓе е главен фактор што придонесува за виктимизација.[135] Преку интеграција на истата тематика во образовниот систем и соработка со медиумите, може да се намали бројот на потенцијални жртви.

Дополнително, неопходно е да се зајакнат капацитетите на институциите што работат на превенција и заштита. Полициските и социјалните служби честопати немаат доволно ресурси и обука за ефикасно идентификување и поддршка на жртвите. Воведување на специјализирани обуки за службениците кои работат во областа на борбата против трговијата со луѓе ќе овозможи подобро разбирање на криминалните механизми и поголема ефикасност во постапувањето.

Во однос на репресивните мерки, неопходно е зајакнување на законодавната рамка и зголемување на казните за сторителите. Во Македонија, постојниот Кривичен законик предвидува казни за трговија со луѓе, но анализите покажуваат дека бројот на осудителни пресуди останува низок.[136] Потребни се построги санкции, како и проширување на дефинициите за кривичните дела поврзани со експлоатацијата, со цел да се спречат празнини во законот што овозможуваат избегнување на одговорност.

---

[134] Cockayne, J. (2019). *Hidden Power: The Strategic Logic of Organized Crime*. Oxford University Press.
[135] UNODC. (2020). Global report on trafficking in persons 2020. United Nations Office on Drugs and Crime. Преземено од https://www.unodc.org/documents/data-and-analysis/tip/2021/GLOTiP_2020_15jan_web.pdf
[136] Министерство за правда. (2021). Годишен извештај за борба против трговијата со луѓе во Република Северна Македонија. Скопје.

Меѓународната соработка е уште еден значаен аспект за подобрување на превентивните и репресивните мерки. Европската комисија нагласува дека координираните акции меѓу државите-членки на ЕУ и трети земји доведуваат до поефикасно разбивање на криминалните мрежи.[137] Спроведување на заеднички истраги, размена на податоци и воспоставување на регионални центри за борба против трговијата со луѓе ќе придонесе за намалување на истата криминална активност.

Една од најчесто забележаните слабости во борбата против трговијата со луѓе е недоволната заштита на жртвите во правосудните процеси. Според Gallagher жртвите често се соочуваат со притисоци и закани од криминалните групи, што доведува до нивно откажување од сведочење.[138] Воведување на мерки за заштита на сведоците, како што се анонимни сведочења и физичка заштита, може значително да ја зголеми ефективноста на судските постапки против сторителите.

Од енормно значење е да се развијат долгорочни стратегии за ресоцијализација на жртвите. Kara посочува дека многу жртви, по нивното спасување, се соочуваат со социјална изолација, недостаток на економски можности и ризик повторно да бидат експлоатирани.[139] Обезбедување на пристап до работни програми, психолошка помош и правна поддршка ќе овозможи нивна успешна реинтеграција во општеството.

3 АНАЛИЗА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во ова трето поглавје се презентираат и обработуваат резултатите добиени преку претходно утврдените методолошки пристапи. истиот дел има главна улога во магистерската работа бидејќи преку него се поврзуваат теоретските сознанија со емпириските податоци и се добива јасна слика за обемот, карактеристиките и

[137] Европска комисија. (2022). *Извештај за напредокот на Република Северна Македонија во борбата против организираниот криминал*.
[138] Gallagher, A. (2017). *The International Law of Human Trafficking*. Cambridge University Press.
[139] Kara, S. (2017). *Modern Slavery: A Global Perspective*. Columbia University Press.

предизвиците поврзани со трговијата со бело робје во контекст на организираниот криминал.

Во рамките на првата подточка се врши преглед и интерпретација на статистички информации кои ги опфаќаат бројот на идентификувани жртви и сторители на трговија со луѓе, нивната возраст, пол, социо-економски статус, како и географска дистрибуција на ризични региони.

Следната точка нуди подлабока анализа на значењето на добиените податоци, при што посебно внимание се посветува на улогата на организираните криминални групи, начинот на нивното делување, како и на факторите што придонесуваат за зголемување на бројот на жртви - пред сè економската нестабилност, сиромаштијата, недоволното образование и родовата нееднаквост. Се анализираат и предизвиците со кои се соочуваат институциите при спречување и гонење на истите дела.

Во рамки на третата подточка се изведуваат конкретни предлози за подобрување на системскиот одговор кон трговијата со луѓе (мерки за унапредување на законодавството и институционалните механизми, програми за превенција и едукација на потенцијални жртви, со посебен акцент на жените и девојчињата, предлог-мерки за поефикасна меѓународна соработка).

Ова поглавје претставува сржта на истражувањето, овозможувајќи критичка евалуација на состојбата и формулирање на препораки за идни институционални, законски и општествени интервенции. Преку синтеза на податоците и дискусијата, се отвора простор за понатамошни истражувања и системски подобрувања во борбата против истиот облик на организиран криминал.

3.1 Анализа на емпириските податоци

3.1.1 Статистички преглед на бројот на жртви и сторители

Статистичките податоци за трговијата со луѓе претставуваат главен елемент за разбирање на обемот и структурата на истата криминална активност. Според извештајот на UNODC глобалниот број на идентификувани жртви на трговија со луѓе

изнесува околу 50.000 годишно, при што најголем дел од нив се жени и деца.[140] Во Европа, бројот на жртви постојано расте, со највисоки стапки забележани во земјите од Југоисточна Европа, вклучително и Северна Македонија.

На национално ниво, податоците од Министерството за внатрешни работи на Северна Македонија покажуваат дека во последните пет години се регистрирани 120 случаи на трговија со луѓе, од кои 85% вклучуваат жени, а 40% се малолетни лица.[141] истите бројки укажуваат на континуиран предизвик за институциите во борбата против истиот вид криминал. Иако реалниот број на жртви е тешко да се утврди, експертите проценуваат дека само мал дел од нив се откриваат и официјално се регистрираат.

Во 2022 година, идентификувани се девет (9) жртви на трговија со луѓе, од кои осум се женски и една машка. Најголем дел од жртвите на трговија со луѓе биле деца (7), а најчеста форма е принуден брак (6)

Слика 2 Распространетост на различни форми на трговија со луѓе во 2022 година



Извор: Отворена порта. (2024). Информации за земјата: Трговија со луѓе Северна Македонија.

Во текот на 2023 година, Оперативниот тим идентификуваше 7 жртви на трговија со луѓе, 5 женски и 2 момчиња. Повеќето беа деца (6), на возраст од 9-17 години и една возрасна жена, на возраст од 51 година, со пречки во развојот. Сите биле државјани на Северна Македонија, 4 Роми, 2 Македонци и 1 Албанец.

[140] UNODC. (2022). *Global Report on Trafficking in Persons 2022*. United Nations Office on Drugs and Crime.
[141] Министерство за внатрешни работи. (2023). *Годишен извештај за трговија со луѓе во Северна Македонија*. Скопје.

Слика 3 Вид на експлоатација во 2023 година



Извор: Отворена порта. (2024). Информации за земјата: Трговија со луѓе Северна Македонија.

Во однос на сторителите, податоците од Европол покажуваат дека криминалните групи кои се занимаваат со трговија со луѓе најчесто функционираат како дел од пошироки организирани мрежи со меѓународна поврзаност.[142] Според анализите, повеќето сторители се мажи на возраст меѓу 25 и 45 години, а значителен дел од нив имаат претходни кривични досиеја поврзани со насилни кривични дела или нелегална миграција.

Дополнително, истражувањата на UNODC покажуваат дека во повеќе од 60% од случаите на трговија со луѓе, сторителите се поврзани со други форми на организиран криминал, како што се шверц на дрога, перење пари и корупција.[143] Ова покажува дека трговијата со луѓе не функционира изолирано, туку е дел од комплексен криминален екосистем кој бара мултидисциплинарен пристап за негово сузбивање.

Кога се анализираат пресудите за трговија со луѓе, Министерството за правда на Северна Македонија наведува дека осудителните пресуди остануваат на ниско ниво во однос на бројот на пријавени случаи.[144] Од вкупно 120 регистрирани случаи, само 45 завршиле со осудителна пресуда, што укажува на потребата од подобрување на кривичниот прогон и правната рамка.

[142] Europol. (2022). Trafficking in Human Beings: A Threat Assessment. European Union Agency for Law Enforcement Cooperation.
[143] UNODC. (2022). *Global Report on Trafficking in Persons 2022*. United Nations Office on Drugs and Crime.
[144] Министерство за правда. (2023). Статистички податоци за судските пресуди поврзани со трговијата со луѓе.

Слика 4 Преглед на судски случаи и обвинети лица

Член од КЗ	Примени			Завршени			Пресуди			Одлуки од поединци		Нерешено/ одложено
	случаи	обвинети лица		случаи	обвинети лица		случаи	обвинети лица		Затворска казна	Условна казна	
		m	f		m	f		m	f			
418-a	0	0	0	3	6	2	1	4	2	6	0	0
418-b	90	110	0	85	107	0	77	97	0	65	32	23
418-c	4	20	1	12	51	0	10	20	2	16	6	2
418-d	7	33	4	6	7	3	7	6	4	10	0	3
		163	**5**		**171**	**5**		**127**	**8**			
Total	**101**	**168**		**106**	**176**		**95**	**135**		**97**	**38**	**28**

Извор: Отворена порта. (2024). Информации за земјата: Трговија со луѓе Северна Македонија.

Иако постојат официјални статистички податоци, експертите нагласуваат дека вистинскиот број на жртви може да биде значително повисок поради недоволната идентификација на жртвите и недовербата во институциите. Според извештајот на Европската комисија многу жртви избегнуваат да пријават насилство или експлоатација поради страв од реперкусии или недоверба во правниот систем.[145] Ова укажува на потребата од подобрување на механизмите за поддршка на жртвите и зголемување на јавната свест за истиот проблем.

3.1.2 Анализа на профилот на жртвите и нивните социо-економски карактеристики

Профилот на жртвите на трговија со луѓе варира во зависност од географската локација, економските услови и социјалните околности. Според извештајот на UNODC најголем процент од жртвите се жени и девојки, кои се предмет на сексуална експлоатација, но постојат и значителен број мажи, особено во случаи на присилна работа.[146] Дополнително, малолетниците претставуваат значаен дел од жртвите, што укажува на високата ранливост на истата популација.

[145] Европска комисија. (2022). *Извештај за борбата против трговијата со луѓе во ЕУ*.
[146] UNODC. (2022). *Global Report on Trafficking in Persons 2022*. United Nations Office on Drugs and Crime.

Еден од главните фактори што влијаат врз изложеноста на ризик од виктимизација е економскиот статус. Истражувањата покажуваат дека луѓето кои живеат во сиромаштија, особено во руралните области, имаат зголемена веројатност да бидат мета на трговци со луѓе.[147] Недостатокот на финансиски ресурси ги прави подложни на лажни работни понуди и други форми на измама, преку кои се втурнати во ситуација на експлоатација.

Образованието исто така е несомнено важно во намалувањето на ризикот од виктимизација. Според податоците на International Labour Organization луѓето со понизок степен на образование имаат помала свесност за ризиците и се посклони да прифатат ризични работни можности во странство.[148] Од друга страна, повисокото ниво на образование овозможува подобри можности за вработување, со што се намалува веројатноста за виктимизација.

Родовата нееднаквост е уште еден значаен фактор во анализата на профилот на жртвите. Жените и девојчињата се соочуваат со повисок ризик, особено во земји каде што постојат ограничени можности за економска независност. Во истите случаи, трговците со луѓе користат манипулативни методи за да ги привлечат жртвите, вклучувајќи ветувања за подобар живот и финансиска стабилност.

Слика 5 Распределба на податоците по идентификуван пол и возраст на жртвата




Извор: Отворена порта. (2024). Информации за земјата: Трговија со луѓе Северна Македонија.

[147] Europol. (2021). *Trafficking in Human Beings in the EU: A Threat Assessment*. European Union Agency for Law Enforcement Cooperation.
[148] International Labour Organization (ILO). (2020). Global Estimates of Modern Slavery: Forced Labour and Forced Marriage.

Етничката припадност и миграциските процеси исто така влијаат врз профилот на жртвите. Истражувањата на Global Initiative Against Transnational Organized Crime покажуваат дека малцинските заедници, бегалците и мигрантите се соочуваат со зголемен ризик од трговија со луѓе, особено поради недостатокот на правна заштита и дискриминација.[149] истата ранливост дополнително се зголемува кога истите лица немаат документи за идентификација или се наоѓаат во несигурни животни услови.

Слика 6 Распределба на податоците по идентификувано државјанство на жртвата, во бројки.



Извор: Отворена порта. (2024). Информации за земјата: Трговија со луѓе Северна Македонија.

Психолошките и социјалните фактори исто така се еднакво значајни кога станува збор за формирањето на профилот на жртвите. Истражувањата покажуваат дека луѓето кои потекнуваат од семејства со историја на насилство, злоупотреба или сиромаштија имаат поголема веројатност да станат жртви на трговија со луѓе.[150] истите лица честопати се во потрага по подобар живот, но завршуваат во мрежите на организираниот криминал.

[149] Global Initiative Against Transnational Organized Crime. (2021). Human Trafficking and Modern Slavery: A Global Perspective.
[150] Gallagher, A. (2017). *The International Law of Human Trafficking*. Cambridge University Press.

3.1.3 Географски преглед на најризичните региони за трговија со луѓе

Проблемот со трговијата со луѓе станува се повеќе и повеќе глобализиран секоја година; денес, речиси сите земји во светот се вклучени во синџирот помеѓу земјата на потекло и земјата на дестинација. Меѓутоа, на полето на политичко-правното разбирање на истата појава има многу недостатоци. Најзначајни од нив се:

- слабоста на Протоколот од Палермо (најуниверзален и најсеопфатен регулаторен акт во врска со трговијата со луѓе),
- поедноставена идентификација на видовите на истиот вид криминал и вештачката политизација на проблемот.

Целта на истата точка е да ги разгледа главните недостатоци на политичките и правните карактеристики на борбата против трговијата со луѓе во контекст на земјите кои ги бранат своите национални интереси и ги менуваат средствата и методите на конфронтација меѓу државите.

И покрај светското признавање и понатамошното активно спроведување, Протоколот има значителен недостаток - фактот за трговија со луѓе се евидентира само во ситуација кога кривичното дело е од транснационален карактер. Злосторствата извршени на територијата на една држава не спаѓаат во истата дефиниција во меѓународното разбирање и остануваат на милост и немилост на националното кривично законодавство.

Друга „слабост“ на Протоколот е неговата неспособност да се прилагоди на променливите околности, првенствено поврзана со појавата на нови аспекти на трговијата со луѓе. Протоколот им пропишува на државите одредена политика на дејствување заснована на поделба на истиот вид криминални активности на три „традиционални“ типови. Меѓутоа, додека истите типови остануваат исти, околностите, методите, просторите на нехуманиот „трговски промет“ и неговите последици се менуваат. На пример, растечката сексуална експлоатација на луѓето на Интернет не наоѓа соодветни начини да ја спречи според Протоколот.

чл. 5 од Протоколот „Криминализација“ ја дефинира одговорноста на секоја држава за подобрување на сопствениот правен и административен систем со цел да се

препознае кривичното дело како delictum кога е извршено намерно. Но, во исто време, не постои неопходна контролна и надзорна регулатива која би го одредила степенот на имплементација на членот.

чл. 6 од Протоколот „Помош на жртвите на трговија со луѓе и нивна заштита“ има само советодавен карактер во однос на обезбедувањето на жртвите со потребните материјални придобивки, психолошка помош доколку е потребно, како и вработување и образование. Она што се занемарува е достапноста на ресурсите неопходни за ова од државата. На единствен светски пазар, разликите во економскиот статус на секоја земја ги одредуваат изворите на финансирање на програмите за рехабилитација на жртвите. Според статистичките податоци, жителите на најзагрозените региони стануваат жртви на модерната трговија со робови, што во голема мера ја намалува можноста за спроведување на препораките на ОН. Дополнително, Протоколот не појаснува кој треба да ги сноси сите трошоци за помошта што им се дава на жртвите: земјата на потекло или државата на прием.

Спроведувањето на членовите 9 „Превенција на трговија со луѓе“, 10 „Размена на информации и обука“ и 11 „Мерки за гранична контрола“ е можно само со тесна соработка на земјите вклучени во синџирот потекло-транзит-престој, со совпаѓање на нивните национални интереси, животни стандарди и економии.

Протоколот, кој е генерално советодавен по природа, не ги зема предвид карактеристиките не само на секој регион, туку и на државата поединечно. Присуството и обемот на „сивата“ зона во која се наоѓаат потенцијалните жртви на трговија со луѓе (бегалци, трудови мигранти, обесправени делови од населението, внатрешно раселени лица итн.) се определуваат со збир на фактори „притисни“, индивидуални за секоја земја. Тука спаѓаат историското наследство, карактеристиките на политичкиот систем, националните интереси, присуството на вооружени конфликти во државата, сепаратистичките чувства, недостатокот на еднаков пристап на граѓаните до образовниот систем, ниското ниво на медицинска нега и плати, економската нерамнотежа, недостатокот на работни места итн. Протоколот ги остава истите точки надвор од својот опсег.

Посебна карактеристика на Палермо протоколот е неговото поедноставување. Воведува унифицирано толкување на терминот „трговија со луѓе“ во системот на

меѓународното право, дефинира мерки за заштита на жртвите, спречување на злосторства и соработка, но сите тие се од општа природа и не ги одразуваат регионалните специфики. Истражување за проблемите на трговијата со луѓе, што ја одразува земјата на жртвите, како и нијансите на државната и меѓународната регулатива со цел да се прецизираат и подобрат поставувањето стандарди, се спроведуваат од страна на ОН од 2000 година. Таквите студии вклучуваат: „Глобален извештај за трговија со луѓе“, „Светски извештај за трговија со луѓе“, „Парламентарна трговија со луѓе“, „Компанијата за трговија со луѓе“: „Трговија со луѓе: Анализа за европскиот регион“, „Збирка методолошки водичи“ за борба против трговијата со луѓе“, „Водич за проценка на потребите за одговорите на кривичното право во борбата против трговијата со луѓе“, „Водич за прва помош за употреба од страна на службениците за спроведување на законот во случаите на трговија со луѓе кои први реагираат“, „Препорачани принципи и насоки за човекови права и трговија со луѓе“, „Упатства за заштита на децата жртви на трговија со луѓе“ итн.

Само неколку држави, главно развиените, објавуваат извештаи на годишно ниво кои ја одразуваат состојбата на работите во областа на регулирањето на илегалната миграција и спречувањето на трговијата со луѓе. Земјите од вториот и третиот ешалон на развој не се подготвени да ги распределат потребните средства за решавање на истиот проблем.

Меѓу оние што објавуваат ваков вид владини истражувања, неопходно е да се истакнат Соединетите Американски Држави. Од 2001 година, според податоците објавени на официјалната веб-страница на Стејт департментот, САД објавуваат извештај за трговија со луѓе. Важна разлика од публикациите на ОН во истата област е систематизацијата на податоците. За да се поедностави анализата на статистиката, Стејт департментот воведе условна поделба на сите земји во три блока (*ниво*) во согласност со нивото на почитување на човековите права и мерките за борба против трговијата со луѓе во државата. Првата група вклучува држави кои ги почитуваат (од гледна точка на Вашингтон) сите правила на правото во врска со поединци и трајно се придржуваат до рамката на Протоколот од Палермо. Тука спаѓаат: Австралија, Австрија, Канада, Чиле, Чешка, Финска, Франција, Јужна Кореја, Холандија, Шведска, САД итн. Втората група ја сочинуваат земји со минимални отстапувања од горенаведените норми: Бразил, Хрватска, Кипар, Египет, Германија, Грција, Исланд,

Израел, Италија, Малта, Мексико итн. Третата група се состои од оние кои минимално ги комбинираат човечките права. Вреди да се напомене дека критериум за почитување на нормите на протоколот од Палермо е бројот на откриени жртви во земјата, како и бројот на робови - државјани на истата држава - пронајдени во странство. Начинот на формирање на третата група покренува многу прашања и се чини дека е најконтроверзен. Кога се споредуваат податоците од различни извештаи, можно е да се види одредена врска помеѓу ставовите за надворешната политика на САД и трансформацијата на истата листа. Лидерите на листата на „проблематични“ земји на американскиот Стејт департмент секоја година ги вклучуваат Иран и КНДР, кои долги години беа политички противници на официјален Вашингтон. За време на периоди на локални конфликти или индиректни судири со геополитичките интереси на САД, листата вклучуваше држави како Судан, Либија, Сирија, Русија, Саудиска Арабија, Јужен Судан, Кувајт, Куба, Кина, Мјанмар, Алжир и Белорусија.

Покрај трите главни групи, постојат две дополнителни подгрупи кои не се вклучени во ниту една од групите: земји „под надзор“ и „под посебни услови“. Првата ги вклучува државите со преоден систем; во одредени години тие би можеле да спаѓаат во третата главна категорија; а „посебни услови“ се сметаат за присуство на активни вооружени конфликти и сепаратистички немири.


Географската анализа на трговијата со луѓе покажува дека одредени региони во светот се особено ранливи на истата криминална активност. Според извештајот на UNODC трговијата со луѓе е најизразена во сиромашните и нестабилни региони, каде што државните институции се слаби, а криминалните мрежи имаат големо влијание.[151] Пограничните области, регионите зафатени со вооружени конфликти и економски нестабилните држави се меѓу најризичните зони.

Европа, и покрај релативно строгите законодавства и заштитни механизми, останува значајна дестинација за жртвите на трговија со луѓе. Истражувањата на Europol покажуваат дека жртвите најчесто потекнуваат од Источна и Југоисточна Европа, особено од земји како Украина, Молдавија, Романија и Бугарија.[152] истите држави се

[151] UNODC. (2022). *Global Report on Trafficking in Persons 2022*. United Nations Office on Drugs and Crime.
[152] Europol. (2021). *Trafficking in Human Beings in the EU: A Threat Assessment*. European Union Agency for Law Enforcement Cooperation.

карактеризираат со висока невработеност, сиромаштија и недостаток на социјална заштита, што ги прави погодни за регрутација на жртви.

Слика 7 Главни форми на експлоатација и профили на откриени жртви, по подрегиони, 2016 година



Извор: United Nations Office on Drugs and Crime (2018). *Global Report on Trafficking in Persons*. Vienna: UNODC.

Блискиот Исток и Северна Африка претставуваат зони со зголемен ризик, особено за мигрантите и бегалците. Според податоците на International Labour Organization многу луѓе од Јужна Азија, како што се работници од Бангладеш, Непал и Индија, стануваат жртви на присилна работа во земји како Обединетите Арапски Емирати, Саудиска Арабија и Катар.[153] истите работници често се измамени со лажни ветувања за вработување и подоцна се соочуваат со експлоатација.

Авганистан е земјата извор за значителен број жртви. Трговијата со авганистански жени со цел сексуална експлоатација обично се случува во Пакистан и Иран. Децата често се тргувани во Оман, Иран, Пакистан и Саудиска Арабија. Мажите се продаваат

[153] International Labour Organization (ILO). (2020). Global Estimates of Modern Slavery: Forced Labour and Forced Marriage.

за присилна употреба во производство, градежништво и други видови работа во Пакистан и Иран. Има продажба на авганистански органи на Пакистан. Врз основа на извештајот на УНОДЦ „Трговија со луѓе: глобални обрасци“ од 2006 година, може да се тврди дека сексуалната експлоатација на Кинески, Тајландски и Филипинки е неконтролирана во самиот Авганистан.Има информации за трговија со луѓе во земјата во Авганистан, чии главни форми вклучуваат проституција, принуден брак, принудна работа.[154] Сето ова станува возможно поради недостатокот на регулаторна рамка и институции кои би придонеле за уништување на мрежите за трговија со луѓе кои работат во земјата. Долги години, авганистанското раководство не беше во можност да собере точни статистички податоци за обемот на трговијата со луѓе на нејзината територија; по доаѓањето на власт на талибанското движење изгледите за такви калкулации се уште посомнителни.

Во 2021 година од САД се наведува и дека практиката на „бача бази“ постои во Авганистан многу години., во која возрасните мажи ги користат момчињата не само како објекти на сексуална експлоатација, туку и за да го покажат својот социјален статус. Авганистан, пред неговото преземање од страна на талибанците, разви некои регулативи против трговијата со робови. Законот за борба против трговија со луѓе и криумчарење мигранти од 2017 година ја криминализираше таквата трговија (вклучително и за сексуална експлоатација, вклучително и бача бази), со казни кои се движат од пет до осум години затвор. Отежните околности ја зголемија казната на 10-15 години (максимум). Доколку жртвата била искористена во вооружен конфликт што резултирала со негова смрт, се применувала смртна казна.

Доаѓањето на талибанците на власт ги минимизира напорите на претходните власти. Пред да дојдат на власт, бунтовничките групи, вклучително и Талибанците и Исламската држава во провинцијата Хорасан користеа деца во директна борба, за инсталирање и експлозија на импровизирани експлозивни направи, за шпионажа и за чување воени бази. Во Авганистан и Пакистан, талибанците регрутираат деца војници од нивните медреси, кои обезбедуваат воена обука и веронаука, а понекогаш им

[154] United Nations Office on Drugs and Crime. (2008, July). Appropriate legal responses to combating trafficking in persons in Afghanistan. https://www.unodc.org/documents/human-trafficking/Legal_Responses_to_Trafficking_in_Persons_Manual_for_Parliamentarians_of_Afghanistan.pdf

обезбедуваат на семејствата парични плаќања или заштита во замена за испраќање деца во истите училишта.

Алжирската влада не ги почитува целосно минималните стандарди за борба против трговијата со луѓе и не направи значителни напори да ја поправи ситуацијата. Алжир е главно транзитна земја за имигранти кои бараат пат од Африка до Европа. Мигрантите стануваат жртви на трговија со луѓе при принудна работа и сексуална експлоатација. Криминалните мрежи го олеснуваат нивниот нелегален транспорт. Илегалната миграција и трговијата со луѓе се вкрстуваат во Алжир. Алжирската влада презеде одредени напори за борба против трговијата со луѓе, што доведе до развој на програма за обука за владини службеници. Сепак, истите напори не дадоа видливи резултати.

Најчесто, возрасните од субсахарска Африка кои патуваат во Европа во потрага по работа влегуваат во Алжир доброволно, но илегално, користејќи ги услугите на индивидуални шверцери или криминални мрежи. Многу мигранти кои наидоа на пречки во нивните првични обиди да стигнат до Европа остануваат во Алжир и работат на локалниот неформален пазар на трудот.

Алжирскиот Кривичен законик ги криминализира повеќето форми на трговија со луѓе со цел сексуална експлоатација и сите видови трговија со цел трудова експлоатација и предвидува казни од три до десет години затвор и парични казни во опсег од 300 илјади до 1 милион алжирски динари. чл. 319 од алжирскиот кривичен законик, кој го криминализира купувањето и продавањето на деца под 18 години, предвидува казна затвор од пет до 15 години и парична казна за лицата осудени за извршување или обид за извршување на ова delictum.

Мјанмар, од една страна, е земја извор за потенцијалните жртви на трговија со луѓе со принудна работа. Жените и децата главно се изложени на сексуална експлоатација. Жените се шверцуваат во Тајланд, Кина и Малезија. Мјанмар е исто така транзитна земја од Бангладеш до Малезија и од Кина до Тајланд. Од друга страна, внатрешната трговија со луѓе во Мјанмар останува сериозен проблем за државата; владините напори насочени кон борба против ова зло се недоволни. Присилната работа останува неконтролирана во земјата, поттикната од владините политики на принудно регрутирање (метод за регрутирање вооружени сили) на деца и возрасни.

Тековниот воен конфликт со етнички вооружени организации во неколку делови на земјата и воениот удар на 1 февруари 2021 година, со кој беше соборена актуелната влада, предизвикаа раселување на стотици илјади луѓе во земјата. Повеќето од истите мигранти се од етничките малцинства. Многумина се изложени на ризик да бидат фатени во трговци со робови во Мјанмар и други делови од регионот. Во конфликтните зони, главно во државите Ракин и Качин, употребата на деца од страна на сепаратистичките паравојски е зголемена.

Африка и Јужна Америка исто така се меѓу регионите каде што трговијата со луѓе е особено изразена. Според извештајот на Global Initiative Against Transnational Organized Crime Нигерија, Конго и Судан се жаришта на трговија со луѓе во Африка, додека во Јужна Америка, Колумбија и Венецуела се меѓу најпогодените држави.[155] Лошата економска состојба, вооружените конфликти и корупцијата значително придонесуваат кон ширењето на истиот криминален феномен.

Слика 8 Глобални финансиски приходи од трговија со луѓе по региони (во милијарди долари)



Извор: Извештај за глобален финансиски криминал на Nasdaq од 2024 година. Достапно на: https://verafin.com/nasdaq-verafin-global-financial-crime-report/?SRC=Blog

Главните области на концентрација на жртви на трговија со луѓе во Кина се присилните бракови, исто така, принудната работа, сексуалната индустрија,

[155] Global Initiative Against Transnational Organized Crime. (2021). Human Trafficking and Modern Slavery: A Global Perspective.

продажбата на деца и шверцот со луѓе. Трговијата со луѓе овде има длабоки историски корени: таа е наследство од претходните епохи и традицијата на употреба на принудна работа во различни области. Пред формирањето на Народна Република Кина во 1949 година, Кина имаше „еден од најголемите и најсеопфатните пазари за размена на лица во светот“.[156] Зголемената мобилност како резултат на урбанизацијата и индустријализацијата само го зголеми раселувањето на жртвите на мрежите на трговија со луѓе кои се здружија како одговор на новите промени во политичката, економската и социјалната средина. Од средината на 20 век. Кина почна активно да ги спроведува законите кои забрануваат присилни бракови, системот на наложници и борделите. Меѓутоа, политиката „едно семејство, едно дете“, воведена во 1980-тите и одржана до 2015 година, доведе до родова нерамнотежа. Половата диспропорција, изразена во остра доминација на бројот на мажи над бројот на жени, ја зголеми побарувачката за услугите на борделите, природно зголемување на бројот на жртви на сексуална експлоатација. Нерегистрираните бебиња родени повеќе од нормата „едно дете по семејство“ честопати се продаваа преку криминални канали со цел да се оствари профит преку понатамошното посвојување на истите деца од претставници на други држави.

Соединетите Држави оценија дека кинеските граѓани биле предмет на принудна работа во некои азиски, африкански и европски земји вклучени во кинеската иницијатива „Појас и пат“, на кои им недостигаше соодветен надзор на релевантните канали за регрутирање, договори и услови за работа. Во текот на изминатите пет години, беше пријавено дека трговците со луѓе експлоатирале локални и странски граѓани во Кина, а кинеските робови биле експлоатирани во странство. Криминалците исто така ја користат Кина како транзитна точка за транспорт на странски државјани во други азиски земји. Добро организираните меѓународни криминални синдикати и локални банди снабдуваат Кинески жени, вклучително и малолетнички, во сексуалната индустрија во Кина. Не само тие, туку и жените од други земји како Мјанмар, Виетнам, Лаос, Монголија, Русија, Северна Кореја, како и од земјите во Африка и Јужна Америка, се изложени на ризик да бидат продадени на принудни

[156] Tiefenbrun, S. (2008). Human trafficking in China. University of St. Thomas Law Journal, 6(1), 247-269. https://ir.stthomas.edu/cgi/viewcontent.cgi?article=1136&context=ustlj

бракови во Кина. А жртвите од Кина се извезуваат во Централна Европа, Јужна Америка, Африка и Јужна Азија.

Иако Кина официјално забранува принудна работа, таа сè уште нашироко се практикува во поголемиот дел од земјата. Ситуацијата ја влошува фактот што според законот, само жените и децата можат законски да бидат признати како жртви на трговија со луѓе. Во домашни услови, околу 2,9 милиони луѓе се заробени на принудна работа. Во странство, кинески принудени работници се идентификувани во Тајланд, Малезија, европските земји и во САД. Жртвите за експлоатација во кинеските индустриски претпријатија се земени од Виетнам, Мјанмар, како и од руралните области на самата НР Кина.

Азиско-пацифичкиот регион е моментално најдинамично развиениот пазар за стоки, услуги и капитал. Во исто време, на позадината на брзиот економски раст во азиско-пацифичкиот регион во последниве децении, негативните трендови поврзани со интернационализацијата на криминалот во регионот, наглото зголемување на бројот на злосторства извршени од обединети и длабоко конспиративни транснационални организирани групи, чии незаконски активности често влијаат на интересите на земјите во Европа, Америка, Блискиот Исток итн., се појавија и значително се продлабочија.


Борбата против транснационалниот криминал во азиско-пацифичкиот регион се спроведува заеднички од агенциите за спроведување на законот на многу земји. Соработката се спроведува во многу области, а нејзината имплементација е поврзана со многу организациски и правни форми на интеракција.

Азиско-пацифичкиот регион, особено Камбоџа, Тајланд и Филипини, е меѓу најголемите извозници на жртви за сексуална експлоатација. Истражувањата на Shelley покажуваат дека во истите земји постои развиена мрежа на криминални организации кои регрутираат жени и деца за сексуална трговија, особено во туристичките центри.[157] истите жртви често се приморани да работат во нехумани услови и се соочуваат со сериозни прекршувања на нивните човекови права.

[157] Shelley, L. (2010). *Human Trafficking: A Global Perspective*. Cambridge University Press.

Балканот, вклучително и Македонија, претставува транзитен коридор за трговија со луѓе кон Западна Европа. Според UNODC Македонија се користи како премин за жртви од Југоисточна Европа и Блискиот Исток, а нејзината географска положба ја прави главна точка за криминалните групи.[158] Иако македонското законодавство за борба против трговијата со луѓе е унапредено, предизвик остануваат слабите механизми за идентификација и заштита на жртвите.

Слика 9 Регистрирани жртви на трговија со луѓе, 2022-2023 година



Извор: Eurostat.

Спротивставување на трговците со луѓе од 21 век. значи борба против движечката сила и вистинските причини за нивните злосторства. Вооружените конфликти стануваат катализатори за трговија со луѓе. Областите каде владините агенции поради некоја причина не можат да ги исполнат своите функции за одржување на законот и редот често стануваат места на егзодус за голем број бегалци. Вооружените групи и терористите ја користат маката на населението во борбените зони. Така, војните од секаков вид создаваат нестабилни социо-економски услови во кои се формира средина за задоволување на потребите на трговците со луѓе за „стока“.

[158] UNODC. (2022). *Global Report on Trafficking in Persons 2022*. United Nations Office on Drugs and Crime.

Навремената идентификација на ранливите лица е од неопходно значење за да се спречи трговијата со луѓе и последователната експлоатација, особено во контекст на големите миграциски движења каде луѓето кои пристигнуваат од странство често имаат сериозно ограничен пристап до услугите.

Општата промена во навиките на потрошувачите, особено намалувањето на побарувачката за евтини стоки и услуги, кои главно се произведуваат со принудна работа, може да одигра важна улога во надминувањето на проблемите со илегалната миграција и трговијата со луѓе. ОН препорачуваат приватниот сектор на економијата, кој е активно вважен во вработувањето на мигрантите, да го искористи своето влијание за да обезбеди пристојни работни услови за мигрантите во согласност со работните стандарди на МОТ и ОН во областа на човековите права и бизнисот.

Денес, само неколку држави, главно развиени земји, издвојуваат средства за проучување на проблемот, но само во контекст на нивните национални интереси. Земјите во развој, од една страна, имаат потешкотии да финансираат вакви проекти, а од друга, можеби не се заинтересирани за целосно искоренување на истиот вид пазар.

Во рамките на постојниот глобален модел, меѓународните регулативи имаат само советодавен карактер и не ги обврзуваат државите да преземаат конкретни чекори за борба против трговијата со луѓе. Владините и невладините партнери мора да работат заедно за да обезбедат стандарди и размена на информации, создавајќи систем за борба против ова зло.

Глобалното признавање на разорните последици од трговијата со луѓе расте секоја година. Меѓутоа, реалноста во борбата против ова злосторство е таква што само преку систематски и наменски дејствија на секоја држава станува возможно да се прекине синџирот на земјата „потекло-транзит-дестинација“ и затоа да се спречи појавата на нови жртви. Приоритетните чекори во борбата против ова зло мора да вклучуваат собирање докази за покренување кривични пријави против трговците со луѓе, обезбедување долгорочна сеопфатна помош за жртвите и развивање планирани превентивни политики засновани на докази. Како еден од елементите за ефикасна борба против манифестациите на трговија со луѓе на државно и регионално ниво, неопходно е вклучување на невладините организации и организациите за човекови права. Владините агенции имаат можност да креираат поефективни стратегии за

одговор преку тесна соработка со локалните власти и јавноста, вклучувајќи ги и организациите во заедницата, поранешните жртви и другите кои работат на терен.

3.2 Дискусија и интерпретација на резултатите

3.2.1 Улогата на организираните криминални групи во трговијата со бело робје

Организираните криминални групи во најмала рака ја имаат „главната улога“ во трговијата со бело робје, претворајќи ја истата нелегална активност во глобално распространета криминална индустрија. Според извештаите на UNODC истите групи функционираат во добро организирани мрежи, кои се протегаат преку различни држави и континенти.[159] Тие користат софистицирани методи за регрутација, транспорт и експлоатација на жртвите, при што често се потпираат на корупција и слаби институционални механизми за да ја одржат својата нелегална активност.

Методите на регрутација што ги користат криминалните групи варираат во зависност од целната популација и географскиот контекст. Во сиромашните региони, жртвите најчесто се измамени со лажни ветувања за работа, образование или подобар живот.[160] Во некои случаи, особено кај жртвите од нестабилни региони и конфликтни зони, трговците ги користат принуда и насилство како примарни средства за регрутација. истите практики се олеснети од слабата правна заштита и отсуството на ефективни механизми за спречување на трговијата со луѓе.

Логистиката на транспорт и експлоатација претставува комплексен систем, во кој криминалните групи користат фалсификувани документи, корумпирани службеници и нелегални рути за да ги пренесат жртвите од една земја во друга. Истражувањата на Kara покажуваат дека жените и девојките често се транспортираат преку копнени и морски рути, при што државите со слаби гранични контроли претставуваат главни транзитни точки.[161] истиот аспект на трговијата со бело робје дополнително ја комплицира борбата против истиот вид организиран криминал.

[159] UNODC. (2022). *Global Report on Trafficking in Persons 2022*. United Nations Office on Drugs and Crime.
[160] Europol. (2021). *Trafficking in Human Beings in the EU: A Threat Assessment*. European Union Agency for Law Enforcement Cooperation.
[161] Kara, S. (2017). *Modern Slavery: A Global Perspective*. Columbia University Press.

Финансиската добивка од трговијата со бело робје ја прави истата криминална активност една од најпрофитабилните форми на организиран криминал, заедно со трговијата со дрога и оружје. Според Global Initiative Against Transnational Organized Crime трговијата со луѓе генерира милијарди долари годишно, при што добивките од сексуалната експлоатација се меѓу највисоките.[162] истите финансиски средства често се перат преку легални бизниси, со што криминалните групи дополнително ја зацврстуваат својата позиција и моќ.

Улогата на корупцијата во одржувањето на трговијата со бело робје е значителна, бидејќи криминалните организации често остваруваат врски со службени лица во полицијата, граничните служби и судството. Gallagher истакнува дека неказнивоста и корупцијата создаваат заштитена средина за истите криминални мрежи, што го отежнува ефикасното спроведување на законите и заштитата на жртвите.[163] Во многу случаи, жртвите кои успеваат да избегаат од експлоатацијата не добиваат соодветна заштита, бидејќи правните системи не се доволно ефикасни за справување со сложеноста на истиот криминален феномен. Корупцијата на службениците преку поткуп, па дури и помошта на функционери на криминални организации им овозможува на трговците со луѓе да дејствуваат во општества и држави. Службениците на главните позиции и на многу нивоа ги користат своите овластувања за да обезбедат заштита за криминални активности. Олеснувањето на криминалците и официјалната корупција во трговијата со жени им овозможува на трговците со луѓе да работат непречено, оставајќи ги жените ранливи на злоупотреба и експлоатација од кои профитираат трговците со луѓе и сексуалната индустрија како целина.

Борбата против улогата на организираните криминални групи во трговијата со бело робје бара мултидимензионален пристап, кој вклучува засилена меѓународна соработка, подобрување на законодавните механизми и засилување на капацитетите на институциите за спроведување на законот. Според Shelley интегрираните стратегии кои комбинираат разузнавачки истражувања, судски реформи и програми за заштита

[162] Global Initiative Against Transnational Organized Crime. (2021). Human Trafficking and Modern Slavery: A Global Perspective.
[163] Gallagher, A. (2017). *The International Law of Human Trafficking*. Cambridge University Press.

на жртвите се од важно значење за сузбивање на истиот облик на организиран криминал.[164]

3.2.2 Влијанието на економските и социјалните фактори врз зголемувањето на бројот на жртви

Економските и социјалните фактори се важни кога станува збор за зголемувањето на бројот на жртви на трговијата со луѓе, создавајќи околности во кои ранливите лица стануваат лесни мети за криминални мрежи. Сиромаштијата, невработеноста и ниското ниво на образование се меѓу најзначајните предиспонирачки фактори кои ја зголемуваат веројатноста поединци да бидат вовлечени во експлоатација. Жртвите најчесто доаѓаат од сиромашни и нестабилни региони каде што економските можности се ограничени, а институционалната заштита е слаба.

Невработеноста, особено кај младите и жените, создава услови за зголемена ранливост и зголемена подложност на лажни ветувања за работа во странство. Според истражувањата на ILO економската несигурност ги принудува луѓето да прифаќаат ризични понуди за работа, кои честопати завршуваат со принудна експлоатација.[165] Во земјите со високи стапки на невработеност, трговците со луѓе користат стратегии за регрутација преку огласи за работа, агенции за посредување и дури и социјални мрежи.

Девојките секогаш преку измама завршуваат во меѓународна трговија. Им ветуваат високо платени работни места, добри услови за работа итн. Всушност, тие често се наоѓаат во должничко ропство, лишени од документи и вршат услуги за кои не се договориле при вработувањето.

Каналите за регрутирање жени се различни, но традиционални. Прво, тоа се секакви огласи за работа во странство. Тие можат да бидат објавени на страниците на весниците, списанијата и на Интернет. Нивната содржина е многу разновидна: од неутрални, како што е „Работа во Германија“, до реклами кои даваат храна за

[164] Shelley, L. (2010). *Human Trafficking: A Global Perspective*. Cambridge University Press.
[165] ILO. (2021). Forced Labour and Human Trafficking: A Global Perspective. International Labour Organization.

размислување: „Работа за девојки во Европа. Позајмување“, „Убави девојки за работа во Каиро“ и „Убави девојки, нудиме високо платени работни места“. Односно, регрутирањето на жени денес не е поврзано со нивното тајно киднапирање. Трговците со робови ја користат лековерноста на жртвите и нивното слабо познавање на законите и на нивната земја и на земјата на дестинација.

Второ, ова е регрутирање преку фирми, компании, агенции. Тие работат и во земјите на поаѓање и дестинација. Тоа може да бидат или агенции за вработување, односно организации кои работат легално, чија цел е да им помогнат на барателите на работа да најдат работа во странство, или туристички агенции, училишта за модели, актерски агенции итн., односно компании кои работат легално; вработувањето не им е основна дејност, но тоа го прават.

Многу жени одат да најдат работа во странство на покана на случајни познаници. истите луѓе се активни учесници во трговијата со луѓе; тие дејствуваат како регрутери и добавувачи, но не се регистрирани во правни компании. Моделите за регрутирање можат да бидат многу разновидни. Една девојка може да запознае млад човек. Во врска со него е доста долго време. По што тој може со измама да ја продаде во стриптиз бар, ноќен клуб или бордел.

Честопати, регрутаторите не се мажи, туку жени, и тие не се млади. Полесно им е да се задоволат со девојките, да ги „намамат“ со приказни за високоплатени, лесни работни места, да ги убедат дека „се е во ред“ со нив, дека ќе им помогнат да се вработат и да најдат дом. Регрутерката ветува дека ќе одат заедно, но под убедлив изговор таа повеќе не доаѓа на аеродромот. Така девојката патува сама, а во земјата на дестинација веќе ја пречекуваат трговци со робови.

Нов тренд е ситуацијата кога жените кои претходно биле робови и подложени на трудова и сексуална експлоатација, враќајќи се во својата татковина, остануваат во системот на трговија со луѓе и самите стануваат регрутери.

Еден од начините да се одведат жените во странство и да се вклучат во меѓународна трговија со луѓе е преку активностите на агенциите за брак и дистрибуцијата на огласи за брак. Од таквите агенции не се бара да добиваат лиценци, што оневозможува соодветно следење на нивните активности. Како резултат на тоа, има бескрупулозни компании кои земаат пари и од жена клиент, ветувајќи дека ќе најдат достоен странец

младоженец, и од маж кој купува жена од агенција по прилично висока цена и последователно може самиот да ја експлоатира или да ја препродаде.

Нискиот степен на образование исто така претставува значителен ризик фактор, бидејќи луѓето со пониско образовно ниво имаат помалку информации за потенцијалните опасности и начините на заштита. Според податоците на UNESCO лицата со завршено само основно образование се меѓу најранливите категории, бидејќи не располагаат со доволно критичко размислување за да препознаат измамнички практики.[166] Образованието не само што ја зголемува свеста за ризиците, туку и овозможува пристап до подобри можности за вработување, што е главен превентивен фактор.

Социјалните фактори, како што се родовите нееднаквости и семејната нестабилност, дополнително го зголемуваат ризикот од виктимизација. Жените и девојчињата се најчести жртви на трговијата со луѓе, особено заради сексуална експлоатација, што е резултат на ограничени можности за економска независност. Исто така, деца без родителска грижа, лица кои потекнуваат од дискриминирани заедници и бегалци имаат значително поголем ризик да бидат вовлечени во мрежите на организираниот криминал.

Глобализацијата и дигиталните технологии овозможуваат нови методи на експлоатација, при што интернетот станува главна алатка за регрутација на жртвите. Според Europol криминалните групи користат социјални мрежи за регрутирање на жртви преку лажни работни понуди, измамнички љубовни врски и манипулативни техники. [167]Овој тренд е особено загрижувачки бидејќи младите лица, кои најмногу користат дигитални платформи, стануваат примарна цел на трговците со луѓе.

Справувањето со влијанието на економските и социјалните фактори врз трговијата со луѓе бара мултидисциплинарен пристап, кој вклучува зајакнување на економските можности, подобрување на образовниот систем и креирање на социјални програми за поддршка на ранливите групи. Успешните политики за намалување на трговијата со

[166] UNESCO. (2020). Education and Human Trafficking: Preventing Exploitation through Knowledge. United Nations Educational, Scientific and Cultural Organization.
[167] Europol. (2021). *Trafficking in Human Beings in the EU: A Threat Assessment*. European Union Agency for Law Enforcement Cooperation.

луѓе се базираат на комбинација на економски реформи, програми за подигнување на свеста и подобрена меѓународна соработка за заштита на потенцијалните жртви.

3.2.3 Недостатоци и предизвици во борбата против трговија со луѓе

Еден од главните недостатоци во борбата против трговијата со луѓе е недоволната имплементација на законодавството и слабите механизми за заштита на жртвите. И покрај постоењето на меѓународни конвенции и национални закони, во многу земји нивната примена е неефикасна поради корупцијата, недоволните ресурси и неподготвеноста на институциите да преземат активни мерки. Голем дел од случаите остануваат непријавени или неправилно истражени, што им овозможува на криминалните групи да дејствуваат неказнето.

Корупцијата во институциите претставува сериозен предизвик во борбата против трговијата со луѓе. Во многу земји, службени лица се соучесници во истиот криминал преку злоупотреба на службената должност, со што директно или индиректно им овозможуваат на трговците со луѓе да ги избегнат санкциите.[168] Ова доведува до недоверба кај жртвите во системот, па тие често избегнуваат да пријават случаи или да соработуваат со полицијата.

Слика 10 Број на вработени кои се оспособени да работат со жртви на трговија со луѓе согласно со СОП во 2023

Институција/организација	**2023 година**		
	Пол		
	Машки	**Женски**	**Вкупно**
МВР претставници на полиција	74	30	104
Претставници од судовите, адвокати и др.	/	/	9
Јавно обвинителство	/	/	8
МТСП, социјални работници	1	7	8
Здравствени работници	10	40	50

